# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 октомври 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 39-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Зоран Шапуриќ, Ванчо Стаменков, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски и Никола Груевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 26-тата, 30-тата , 31-та и 38-та седница ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од 26-та, 30-та, 31 и 38-та седница се усвоени без забелешки.

Да ве информирам дека е настаната техничка грешка во дневниот информатор што го имате добиено. Однесувајте се по решенијата кои јас ви ги имам доставено, а не по ова. Или, ако се однесувате по ова, важи оној кој има 18 точки на дневен ред.

Пратениците Марија Којзеклиска, Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за еколошка катастрофа која се случи на јаловиштето на рудникот за олово и цинк “Саса” - Македонска Каменица.

Тие бараат по итна постапка тоа да се вклучи во дневниот ред.

Информацијата ви е доставена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба  Информацијата да се разгледа на оваа седница.

Молам, за итноста кој ќе образложи?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

За итната и неодложна потреба да се стави на дневен ред на денешната седница Информацијата за еколошката катастрофа која се случи на јаловиштето на рудникот за олово и цинк “Саса” - Македонска Каменица, сметам дека воопшто не треба ни да се размислува. Ние почитувани колеги денес мораме да дискутираме за овој многу сериозен проблем. Само поглед на она што се случува таму е доволно алармантен за да се укаже на вниманието кои ние како пратеници не треба, туку мораме да го посветиме и да алармираме за катасторфата што се случува во Македонска Каменица. По алармирањето од страна на медиумите како и од страна на сасмите жители на Македонска Каменица имав прилика лично да се уверам во таа катастрофа. Глетката навистина беше грозоморна. Низ коритото на Каменичка река тече огромна сива маса слична на вулканска маса која истовремено предизвикуваше непријатна миризба на целиот тој регион и воопшто верувајте не беше пријатно да се вдишува тој воздух таму. Ако се земе во предвид дека оваа сивкаста маса се добива како резултат на процесите на обработка на рудата и добивање на концентрати за олово и цинк при што се користат борово масло, ксантити, вар, цинк, цијаниди, метал сулфат, а отпадот што се депонира во јаловиштето содржи цинк и олово и цијаниди. Целата оваа состојба, колеги пратеници, ја карактеризира со еколошка катастрофа и тоа со големо Е, кое верувајте ќе има далекусежни и особено штетни последици, како за самите жители за Македонска Каменица, а за источниот регион на Македонија и да не зборуваме. Оваа хаварија едноставно доаѓа како резултат на немањето на сенс на Владата на Република Македонија и посебно на Министерството за животна средина и просторно планирање за она што е приоритетно од неговата надлежност во текот на овие 10 месеци и само од нив познати причини го стопираа проектот и реализацијата на проектот кое требаше да доведе до спречување на ваква катастрофа. Со оглед на фактот дека ние сме пратеници кои ги избрал народот, сите се повикуваме на тоа,

прво, не е во ред за ваквата состојба ние дса дознаваме од средствата за јавно информирање и средствата за јавно информирање да алармираат, а Министерството за животна средина и просторно планирање упорно да молчи за оваа еколошка катастрофа. Затоа сметаме дека Собранието на Република Македонија преку своите заклучоци кои ги имаме предложено во Информацијата треба да ја покаже и да ја докаже својата голема загриженост, или огромна загриженост за оваа не малку значајна еколошка катастрофа. Алармантноста бара итно решавање чии последици пред се за здравјето на луѓето можеме само да претпоставиме какви ќе бидат штетни за идните генерации, посебно за источниот делр на Република Македонија. Затоа предлагам колегите пратеници да искажат сериозна загриженост и разбирање за состојбата и да дадат поддршка оваа точка да влезе на денешниот дневен ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на пратениците Информацијата да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 82 пратеника, за гласале 24.

Констатирам дека предлогот на пратениците не е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за социјално осигурување, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на перење на пари;

7. Барање за давање на автентично толкување на член 27 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Владо Паунков;

8. Барање за давање на автентично толкување на член 40 од Законот за трговски друштва, поднесено од пратеникот Цветанка Гашоска;

9. Предлог на декларација за заштита на правата на детето;

10. Предлог за избор на член на Републичкиот судски совет;

11. Предлог за изменување претседател и членови на Комисијата за хартии од вредност;

12. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

13. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевсни болести - Демир Хисар;

14. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Психијатриска болница „Скопје" - Скопје;

15. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Тетово;

16. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија;

17. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

18. Предлог на одлука за разрешување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата за годишни остварувања во областа на публцистиката и новинарството и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев - Јасмин".

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

ХАРИ КОСТОВ:

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија до Собранието на Република Македонија на 9.10.2003 година, односно примено во

Собранието на Република Македонија на 10.10.2003 година, достави предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија и во пропратното писмо од претседателот на Владата на Република Македонија беше наведено дека побаравме да се скратат роковите и да се стави на дневен ред на седницата на Собранието на Република Македонија закажана за денес за 16.10.2003 година. При тоа имавме предвид дека за денешната седница како точка два е предложен исто закон со таквиот наслов од пратеникот Исмет Рамадани и мислевме дека би требало да се разгледа заедно на иста седница на Собранието на Република Македонија, меѓутоа, имајќи го во предвид фактот дека овој закон не беше разгледан низ процедурите и низ надлежните комисии во Собранието на Република Македонија, сакам да кажам дека го повлекуваме писмото, барањето за да се постави како дополна на дневен ред на оваа седница со желба да се овозможи дискусија, расправа низ надлежните собраниски комисии и да се постави на дневен ред на наредната седница на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тој закон ќе оди во редовна процедура.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, јас имам предлог по точка 3, законот за заштита од пушењето со оглед на тоа што не беше разгледуван на комисиите на Собранието на Република Македонија, бидејќи немаше мислење од Владата на Република Македонија, мислам дека не беа присутни предлагачите, барам да се изземе од денешниот дневен ред, да биде за следната седница, за да можат и собраниските комисии да го разгледаат овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред да одиме на гласање, дали предлагачите се согласуваат со овој предлог?

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Мислам дека и вие го имате мислењето од Владата на Република Македонија, дека Владата на Република Македонија и на својата седница одлучила

да го поддржи овој предлог на закон, само со мало појаснување, одредени членови да се усогласат со Светската конвенција за контрола на цигарите. Предлагам на оваа седница да го разгледаме овој закон, затоа што законот ви беше доставен и можевте да интервенирате амандмански.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагачите остануваат на предлогот.

Предлогот на господинот Коце Трајановски точката 3 да се симне од дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници. За предлогот гласале 27.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Нема други предлози за измена на дневниот ред.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници. 70 гласале за, 4 воздржани и 4 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Минуваме на точката 1 - Предлог на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност.

Предлогот на законот и дописот на претседателот на Република Македонија ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на законот?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, веќе трет пат ова Собрание расправа за овој предлог за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност и веќе трет пат опозицијата укажува на неоснованоста на предлогот за измени и дополнување на Законот за радиодифузна дејност каде се предлага, морам да цитирам: “Во сметката за наплата на електрична енергија износот на радиодифузна такса се искажува во делот на ангажирана моќност”.

Позицијата упорно го гласа овој предлог за изменување и дополнување, а претседателот на Републиката не го потпишува указот за прогласување на овој

Закон, при тоа образложувајќи ги причините за ваквата негова постапка. Уште еднаш ќе ја потсетам јавноста и граѓаните што сака оваа Влада да постигне со законот за измени и дополнување на Законот за радиодифузна дејност. Имено, со зголемувањето на цената на електричната енергија од 7% за кои министерот за финансии упорно тврдеше дека нема да се случи, а се случи, при пресметувањето се зема потрошената електрична енергија од прва тарифа зголемена за 7%, потрошената електрична енергија од втора тарифа зголемена за 7%. Со собирање на овие два износи се пресметува 33,33% ангажирана моќност. На овој збир како што се предлага со овој закон треба да се додаде радиодифузната такса, а потоа со собирање на сите овие претходно наведени износи се додаваат манипулативни трошоци и се добива даночната основица на која пак се определува 15% данок. Така ние овде немаме просто префрлање на радиодифузната такса како што не убедуваа претставниците на Владата поднесувајќи го овој предлог закон од ставка 32 во ставка 22, туку таквиот нов начин кој се предлага ќе доведе сигурно до тоа сметките за електрична енергија да бидат во многу поголем износ од досегашниот. Ова доколку вака се усвои, верувајте дека ќе биде уште едно дополнително оптоварување на и така истенчениот семеен буџет на граѓаните. На Владата можеби на крај ќе и се исплати тоа толку големото и без круполи форсирање на ваков предлог за да на крај на тоа безобзирно форсирање ги искористи сите можни механизми до негово конечно стапување на сила и се разбира, непосредна примена. Но, на чија штета ќе биде сето ова почитувани пратеници? Одговорот е, прво, на сите нас присутни овде избрани од граѓаните, како и на самите граѓани кои верувам ќе се согласат и тие дека нив веќе последната година никој не ги ни спомнува дека постојат. Но, да не заборавиме една многу важна работа дека тие граѓани почитувани колеги од позицијата минатата година на 15 септември ја зедоа судбината во свои раце и гласаа за вас. Но, сега верувам дека длабоко се каат за грешката што ја направија тогаш и сакаат таа судбина да ја испуштат од свои раце. Но, ме плаши нешто друго. Кога бројот на тие граѓани полека, но сигурно ќе се намалува воден од немаштијата, од сиромаштијата што секој ден е се поголема, од немањето визија и грижа на Владата за решавање на основните проблеми на сопствените граѓани, како што имавте прилика да видите пред малку дека никој од позицијата не смета дека катастрофата што се случи во јаловиштетот е еколошка катастрофа, потоа од немањето визија и грижа на Владата за основните човекови права на кое бевме до сега, а и во иднина верувам многу пати сведоци, од немањето

грижа за здравјето на луѓето токму преку неусвојување на таа информација. А преку ваквите предлози Владата на индиректен начин, морам да потенцирам, на индиректен начин го врши процесот таков каков што е со крајна цел да ги немаме граѓаните, тогаш ние ќе имаме држава, на крајот ќе имаме држава, но без свои уставотворен народ на која пак тогаш ниту Влада, ниту Парламент ќе и бидат потребни.

Сето ова ќе ја потврди тезата дека овој народ не е добар па ние ќе увеземе друг народ, што точно и така ќе се случи со еден друг предлог на Владата на РМ, а тоа е Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законто за државјанство.

Почитувани колеги,

Можеби ова ви изгледа како научна фантастика, но за оваа година ние видовме или поточно воопшто не видовме со што, со ништо, со никаков потег на Владата, ниту со таканаречениот Бранков закон, ниту со ребалансите на Буџетот, па ниту со овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност дека нешто во оваа држава, макар и најмала, најситна работа е во корист на сите нас. За жал. Па, си го поставувам следново прашање - можеби навистина вината е во нас, во граѓаните, ако се потсетиме на зборовите на премиерот дека резултатите ќе ги почувствуваме 2004 година или до завршување на мандатот. А, ние, изгледа сме премногу нетрпеливи да ги почувствуваме тие резултати за една година. Можеби и така, само дали ќе ги почувствуваме ние како граѓани или Владата како Влада? Останува на сите нас тоа да го видиме. Од овие причини ќе гласам против предлогот на Владата.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Еве, и по трет пат се расправаме за едно исто. Очекувавме, бидејќи беше долго време најавуван Законот за радиодифузија, дека Владата работи многу интензивно на него и дека сите проблеми и решенија за МРТВ за јавните дистрибутери и сето она што претстои во областа на македонската радиодифузија дека ќе биде разрешено токму со тој закон. Но, денеска повторно добиваме од

Владата тоа што тие го нарекуваат закон, тоа е наплатата, каде што електричната енергија треба да биде поставена во тоа што значи ангажирана моќност.

Неколку пати кажав дека во ангажираната моќност тие средства треба да пристигнат токму во термоелектричните централи за каде што се и наменети средствата. Но, за жал еве и сега ќе придонесеме, со ова што вметнуваме токму во наплата на термоелектричната ангажирана моќност, ние всушност ќе направиме да АД “Електростопанство на Македонија” уште повеќе ја намали својата наплата, за жал.

На Владата би и понудил да размислува малку поинаку, за што во наредната точка ќе се прикаже еден нов закон за радиодифузија, но на што би ја натерал да размислува? Еве, да земеме дека наплатата на Телекомот изнесува 95%. Зошто точно не се најде некој начин тука Владата да издејствува, со тоа што ќе издејствува некој процент во наплатата на Телеком и тука да биде наплатата на оваа радиодифузна такса?

Затоа што, ова што го објаснуваше мојата ценета колешка Којзеклиска, многу едноставно може да се види од една проста работа, ако едно семејство плаќа 1000 денари електрична енергија, имате таму 15 или 18% ДДВ и тука ќе биде допишана таксата од некаде 300 денари. Ако во моментот, како што сега е нагласено, оваа такса се префрли точно во онаа ангажирана моќност, значи тие 300 денари не може да се видат едноставно дека се плаќаат, доаѓаат до првиот дел и тогаш имаме плаќање на тие 300 денари до ДДВ, а значи тоа е некаде околу 50 денари што не би било за потценување, затоа што ако земеме дека имаме 490 илјади семејства што плаќаат придонеси, тоа би било некаде околу 500 илјади евра месечно или за цела година 6 милиони евра, што не е сума од која што така едноставно треба да се откажеме. Значи, тоа се давачки што народот ќе ги плати, покрај јавната такса, што и по Устав и по закон е загарантирано да како такса биде образложено и треба секој граѓанин да знае која е таа јавна давачка што треба тој да ја плаќа.

Во оваа ситуација го губиме и тоа, затоа што веќе нема да знаеме ни колку плаќаме, ни дали на тоа има ДДВ, колку е тоа ДДВ, а од друга страна 6 милиони евра можат да бидат оштетени граѓаните на РМ со ваквиот начин на плаќање.

И нешто, што доаѓа многу скоро, еве сега е октомври, остануваат уште два месеци од оваа година, најавата на Јавното претпријатие, на АД “Електростопанство на Македонија” дека после Нова Година претстои тоа преструктуирање, значи делба на претпријатието на производство, дистрибуција и пренос. Останува

дистрибуцијата да биде задолжена за оваа наплата на електрична енергија и плус јавната давака за радиодифузија. Јас мислам дека со таквото темпо и начин на кој што имаме трансформација на претпријатието, многу за скоро време ќе дојде до приватизација на истото, па не гледам причина овој закон да се воведува и да се прават секакви манипулативни трошоци, да се спроведува на ваков начин, затоа што ефектот ќе биде многу мал, сега наплатата 40%, па наместо да имаме подобрување, јас претчувствувам дека ќе има и намалување. Со тоа што ќе се приватизира, не знам кој е тој кој ќе ја приватизира дистрибуцијата и ќе биде волен да собира јавна давачка и да ја обезбедува за МРТВ. Мислам дека ќе дојдеме до еден уште поголем апсурд од ова што е сега. Тоа е она што го знам, а знам дека во многу делови во нашата држава наплатата се движи од 0% до некои скромни 50-6о-%. Тоа е максималното што можеме да го наплатиме.

И, што беше жално овие денови, една анкетна на Македонската телевизија со погрешните податоци може да доведе до заблуда кај граѓаните. Тоа беше една анкета во која што се бараше на господинот Борис Трајковски, претседател на Република Македонија треба да го потпише или не овој Закон што по трет пат се наоѓа пред пратениците на Собранието на РМ. Во таа анкета, Македонската телевизија, што се изврши од 1.09 до 2.09 од 10,00 до 10,00 часот беа објавени резултати каде што 3540 анкетирани гледачи се јавиле за тоа дека претседателот треба да го потпише, значи биле за, 68 биле не и 15 не знаеле дали треба или не треба да го потпише. Но, после проверката на овие резултати, резултатите се сосема спротивни. Значи, граѓаните гласале 3540 против потпишувањето, значи ова што го прави истото и претседателот на Републиката, само 68 биле за и 15 останале неопределени. Значи и со оваа анкета се покажува дека народот, секоја давачка, плус на овој начин зголемена, мислам дека не би сакал да ја плаќа. Затоа се нудат други решенија ќто ќе ги слушнете со новиот закон што го нудиме. Мислам дека треба многу сериозно да се размисли за оваа работа и не на овој начин упорно да се форсира нешто што не држи. Еве, веќе трет пат расправаме за една иста работа во која што сум уверен дека и колегите пратеници од позицијата веруваат и знаат дека не е решение за изнаоѓање средства за МРТВ.

Токму поради ова јас ќе гласам против овој закон на Владата на Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Веќе трет пат еве како дискутирам по овој Предлог-закон за измена на Законот за радиодифузна дејност и тоа се повеќе ме прави убеден дека оние дискусии што ги имав претходно а кои што беа потврдени и со непотпишувањето на Указот за прогласување на овој закон биле дадени на место, односно со издржани аргументи. Особено кога се има предвид неуставното решение што се предлага постојано и се инсистира по секоја цена да помине како начин на решавање на финансирањето на МРТВ преку внесување на оваа давачка како дел од цената на електричната енергија.

Пред да ја објаснам неуставноста на овој предлог, сакам да поставам неколку прашања кои што сметам дека и самиот предлагач ги нема доволно разгледано, ниту има одговор на овие прашања.

Првото прашање е дали со овој предлог може целосно и долгорочно да се реши прашањето на финансирањето на радиодифузните друштва. Пред два месеци некаде, кога прв пат беше поставен овој предлог за измена и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, односно за внесување на радиодифузната такса како дел од цената на електричната енергија, беше истакнато дека ова решение од страна на предлагачот е привремено решение што ќе трае до крајот на оваа година, бидејќи до крајот на оваа година ќе влезе во процедура и треба да се донесе нов закон за радиодифузни друштва.

Ако тоа е така, а знаеме  дека денеска веќе сме на прагот на месец ноември, дали за еден месец вреди да се вршат вакви измени на законот што директно значат повреда на уставните одредби или пак тоа треба да се реши со донесување на новиот закон за радиодифузни друштва.

Меѓутоа, имајќи го предвид тоа што е истакнато во јавноста, јасно е дека ова решение е единствената идеја што се има за решавање на проблемот на финансирањето на МРТВ и на другите радиодифузни друштва. Меѓутоа, факт е и едно друго, а тоа е дека со ова решение не се дава одговор дали тоа претставува

целосно и долгорочно решавање на прашањето за финансирање на радиодифузните друштва.

За да може да се даде одговор на ова прашање треба да се имаат предвид повеќе параметри.

Прво, јас сметам дека  воопшто не се водело смета колку е очекуваниот прилив на средства по донесувањето на овие измени? Дали со овие измени ќе се зголеми приливот на средства, ќе се подобри наплатата на радиодифузната такса и на тој начин ќе се обезбеди постабилно, поефикасно и поцелосно финансирање на сите потреби на радиодифузните друштва?

Одговор на ова прашање сметам дека ниту предлагачот не може да даде затоа што ги нема тие податоци, односно не му се ниту дадени ниту има прецизни аргументи со кои што ќе образложи колку средства се очекуваат и колку би се подобрила наплатата со ова решение.

Дали тие средства ќе се одразат, со ова решение, со собирањето на радиодифузната такса со ваков вид на решение ќе се одрази на работењето на Електростопанството на Македонија? Дали на овој начим им се забранува на граѓаните на РМ кои се потрошувачи на електрична енергија да можат да плаќаат исклучиво сметка за потрошена електрична енергија и доколку сакаат да платат само одреден износ од сметката, дали Владата ќе им забрани на деловните банки да не вршат уплати по тој основ, врз основа на кој закон ќе го направи тоа?

Исто така, се надевам дека при поднесувањето на овој предлог се водело сметка и за начинот на формирањето на цената на електричната енергија, што е предвидено со посебен пропис, а не, се оди само колку да се најде некаков аргумент, се направиле напори да се подобри наплатата на радиодифузната такса, меѓутоа од тоа ништо не било заради причини што не биле предвидени при самото предлагање на ова решение. А, ви гарантирам дека финансирањето на радиодифузните друштва, на овој начин како што се предлага сега, сигурно ќе биде уште полошо од тоа до сега. Ова директно ќе се одрази и на пазарната поставеност на Електростопанство на Македонија, односно формирањето на цената на електричната енергија според економски критериуми. Затоа што нема логика, ниту уставна, ниту било каква, такса, јавна давачка да се става во цена на електрична енергија што претставува стока што ја продава едно акционерско друштво, независно што тоа акционерско друштво е во државна сопственост.

На овој начи, со прифаќањето на ваков принцип може да се внесат јавни давачки, комунални такси, такса за истакнување на фирма или не знам кои други јавни давачки во сите оние цени што би ги предложила Владата и прифатило ова Собрание а што мора да претставуваат економска категорија.

Од овој аспект, имајќи го предвид и укажувањето на претседателот на државата што се однесува на истиот основ односно на неуставност на ова решение, сметам дека треба да се повлече овој предлог и со новиот закон за радиодифузија да може целосно и трајно да се реши прашањето за финансирање на јавниот државен информативен државен сервис и на другите радиодифузни друштва. Се надевам на крајот дека овој пат ќе имате доволен број пратеници, 61, со цел да не бидам во можност и четврти пат да дискутирам по ова прашање.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпидин Андов.

Не е тука.

Има збор господинот Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Во целост се согласувам со аргументите на претходните дискутанти што претходно беа изнесени. Имено, на ваков начин, со скривање на наплатата на радиодифузната такса преку искажана ставка во белешката за потрошена електрична енергија како ангажирана моќност, се зголемува основицата за данокот на додадена вредност што изнесува 15% на таквата основица, а што во апсолутен износ изнесува некаде 45 денари. За 45 денари се зголемува товарот на давачките на секој граѓанин кој користи електрична енергија, како корисник што се евидентира преку секое поединечно електрично броило.

Меѓутоа, јас сакам да обрнам внимание на еден друг аспект што може да се јави како проблем во практиката, проблем во смисла што дополнително ќе ги оптоварува потрошувачите на електрична енергија со зголемена или да кажам скриена наплата на радиодифузна такса или повеќекратна наплата на радиодифузната такса.

Во што се состои? Имено, сите знаете дека електричната енергија се евидентира преку секое поединечно броило. Еден носител, би кажал корисник на електрична енергија може да има повеќе броила. Основното, поентата при наплата на радиодифузната такса е да се наплати таксата преку броилото што е инсталирано во неговото домаќинство каде што секој корисник е и корисник на услугите што ги пружа радиодифузното претпријатие, односно дистрибутерите на ТВ сигналите.

Меѓутоа, корисниците на електрична енергија имаат разни стопански објекти како на пример производни погони, штали, земјоделците користат електрична енергија за наводнување преку инсталирање хидрофори во своите ниви, така што тие електрични броила на ваков начин можат да бидат дополнително оптоварени, да се наплаќа радиодифузната такса ако истата не биде транспарентно и јасно означена како радиодифузна такса.

Тоа значи дека еден исти корисник може да биде доведен во состојба повеќекратно да му биде наплатена радиодифузната такса ако истиот има електрично броило во својот дом, па има електрично броило за хидрофорот во својата нива, па има електрично броило во својот стопански објект, земјоделски објект, штала и тн.

Од тие причини мислам дека непотребно се создаваат услови да се крие иваа можност за повеќекратна наплата на радиодифузната такса, а што е во спротивност на интересите на секој потрошувач на електрична енергија и во краен случај на сите граѓани.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Не сакам да се повторувам со колегите кои претходно дискутираа и бидејки по трет пат се разгледува законот би кажала сосема накратко дека за мене буквално е безпредметно да расправаме за овој закон, бидејки свесни сте сите вие, посебно луѓето од позицијата  дека веќе има наредба до сите Шалтерски работници во

државата да не смејат да ја делат радиодифузната такс аод потрошената електрична енергија, значи од сумата што ја плаќаат.

Која е тогаш целта да се замараме повторно со носење на некој закон, кој што веќе власта го спроведува.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Што се однесува до измената на Законто за радиодифузија, мислам дека е измена која во овој момент може да се констатира дека е штетна, имајки предвид колку е тешка ситуацијата во државата и имајки предвид дека токму Електростопанството на Македонија има проблеми што се однесуваат на собирање на средствата за потрошена енергија и дека колкулациите на средствата за радиодифузија, во потрошената енергија може да го влоши и понатаму собирањето на средства и затоа мислам дека овие измени се многу штетни.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас сакам да кажам неколку збора во врска со овој предлог на Владата. Значи констатираме дека рационилизирањето на работните места, со цел задржување на работа на работниците е потребно максимално да се ангажираат за вршење на задачите на нивните работни места. Значи бараме рационализација на работните места токму во институциите како што се МРТВ. Ако овој предлог измена на законот има намера преку плаќање а струјата да се плаќа и данокот за радиотелевизија и да ги решава материјалните проблеми на оваа институција, мислам дкеа е грешка. Значи не се согласуваме со тоа граѓаните на општ начин плаќаат радиодифузни такси и ова да се прави преку електричните апарати. Ако се посакува да се подобри материјалната состојба на Телевизијата, треба да се превземаат други мерки. Имам сознанија дека во МРТВ работат околу односно преку 2 илјади работници. Значи

ова е преоптоварување на оваа институција со администрација и со работни места во кои нема рационализација. Ако споредуваме во оваа насока, ако како пример го земеме СИЕНЕН , тоа е телевизија со светски карактер, има се на се, околу 300 работници. Конкретно треба да се рационализираат работните места. Иако ова е болка и е болно токму ова треба да го направите вие, оваа Влада значи СДСМ, која е континуитет на комунистичката партија кога е и основан аоваа институција во тој временски период и токму вие треба да го направите ова кои што раководевте 8 години до 1998 годин, значи до плурализмот. Никогаш не сте воделе сметка аналитичка сметка , поврзана со рационализацијата на работните места, не смао во оваа институција туку и пошироко. И највознемирувачки е тоа што продолжувате на граѓаните да им го оставате како товар значи овие плаќања. Токму во соседните држави овие такси се пониски. Значи граѓаните кои чекаат еден економски развој, токму нив сега им се враќа како бумеранг таксите и на нивни раменици продолжуваат да го носат товарот, кој што не им припаѓа.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници,

Денеска на дневен ред имаме еден закон , што за жал неколку пати минува низ парламентарна процедура. Неколку пати сакав да земам збор во врска со овој Предлог на законот за изменување на Законот за радиодифузна дејност. Меѓутоа, ова прашање останува и понатаму да претставува енигма меѓу претседателот на државата и парламентот, кој не го потпишува Указот за законот.

По моите повеќекратни контакти и анализи во оваа насока, ние како Парламент, мислам дека не треба да водиме политички инает, затоа што политичкиот инает оди на штета на граѓанит ена Република Македонија во овој момент. Ние пратениците треба да бидеме во функција на заштита на интересите и н аунапредување на интересите на Република Македонија, од местата каде што доаѓаме ние. Никаде во светот, можеби ова се случува за прв пат во Македонија, односно радиодифузините такси да се плаќаат преку едно друго јавно претпријатие, меѓутоа, безтранспарентност, во однос на сумата која граѓанинот треба да ја плати

за радиодифузната такса, туку тоа се прави преку ангажираната моќност, каде потоа со внатрешен договор меѓу Електродистрибуција на Македонија и радиодифузното претпријатие , би се поделиле средствата кои би требале да и припаднат на РТВ.

Мислам дека непотпишувањето од страна на Претседателот на Република Македонија , односно непотпишувањето на Указот мислам дек амногу граѓани го имаат поздравено тој негов чин.

Како прво, треба да имаме примери од други земји во светот каде средствата за радиодифузната такса се делат од Буџетот, кој Буџет се полни од граѓаните и сепак не се нанесува штета на тие граѓани.

Второ, од многу контакти што сум ги имал со граѓаните на Република Македонија ми имаат кажано дека голем дел од средствата од овој Буџет кој се собира одат за МРТВ, а потоа од друга страна МРТВ не се следи од сите граѓани, не ги исполнува барањата и потребите на сите граѓани од Република Македонија , туку само оние на Владата и би било добро доколку Владат аизнајде механизми и инструменти, за да одели средства од Буџетот, за да може да работи оваа институција, односно оваа радиодифузна дејност.

Затоа мислам дек аимајки ги предвид барањата и потребите на граѓаните, имајќи ја предвид изјавата на Народниот правобранител, во кој исто така е во функција на она унапредвуање на заштита на интересите и правата на граѓаните, јас мислам дека ние треба да го оставиме на страна политичкиот инает и навистина да направиме една подлабока анализа на ова прашање.

Јас знам дека денес ако помине овој закон со 61 глас, се разбира дека претседателто нема што да има да прави да може да го попречи донесувањето на овој закон, меѓутоа, ова ќе биде на штета на граѓаните, дури ина штета на позитивните закони во Република Македонија . Не може да се земат пари од граѓанинот, доколку нему не му се каже точно за што му се земаат тие пари. Доколку овие средства за радиодифузна дејност кој оделе заедно со сметката на електрична енергија, меѓутоа, тоа било на транспарентен начин, каде што била наведена јасно сумата која треба да се плати радиодифузната такса, отсега натаму на граѓанинот нема д аму биде јасно колку струја има потрошено и колку средства му се земаат за некоја друга дејност. Ова е недозволиво. Се што е во функција на подобрување на стандардот на граѓанинот, ние како пратеници треба да го дозволиме односно да го овозможиме, меѓутоа сето она што е на штета на граѓанинот и во прилог на намалување на нивниот животен стандард, ние како пратеници не смееме да

дозволиме, туку навистина треба да седнеме и да го вратиме овој закон повторно во владина процедура. Ние треба добро да го анализираме ова прашање. Зарем ед обро да му се земат пари на граѓанинот, без точно да се укаже за што ќе бидат тие применети. И доколку досега немало успех односно собирањето на средствата не било досега успешно, тогаш Владата нека најде други механизми за прибирање на оваа радиодифузна такса и да не оди на таков нетранспарентен начин да му се земаат на грѓанинот средствата, а да не биде свесен каде одат тие средства.

Затоа, добро е Владата да изнајде начин, а мислам дека има начин и да се земат искуствата од другите држави и да се изнајдат механизми како да се собира оваа радиодифузна такса. Не е добро од страна на овој Парламент и од овие претставници на народот да помине еден закон кој е во спротивност со интересите на граѓанинот на Република Македонија .

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот по текстот на законот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 88 пратении, за гласале 66 , 1 се воздржал и 21 пратеник гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за радиодифузна дејност.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени и поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

После долго време дојдовме до момент кога ќе се определиме за измени и дополнувања на Законот за државјанство. Јас не случајно ги предлагам овие измени и дополнувања во Законто за државјанство, затоа што сум убеден дека начелно, односно во принцип речиси сите вие почитувани колеги сте дефинитивно да се направат измени и дополнувања во овој закон.

Меѓутоа, тоа што е најзначајно за изменување и дополнување на овој закон е значителен број на граѓани кои со години имаат перипетии , имаат нивни малтретирања, шетајки од шалтер на шалтер ставајки ги во постапки на МВР за доаѓање до правото за стекнување на државјанство на Република Македонија . Не дека го потценувам вашето знаење, меѓутоа, уште еднаш од почеток ви напомнувам, ве потсетувам дека самата дефиниција државјанство значи правна врска меѓу граѓанинот и државата, без да се определи се разбира припадноста, националната припадност, односно етничката припадност. И ако со ова се согласуваме тогаш мислам дека сето она што јас ќе го кажам како вовед вов рска со Предлогот за изменвуање и дополнување на овој Закон ќе има и разбирање од ваша страна, затоа што немањето на државјанство и од друга страна правото за стекнување на државјанство на граѓанинот, се прашања кои ние треба да ги помогнеме тие да имаат државјанство. Ваквите обиди се направени од 1992 година кога се донесе првиот Закон во една независна држава, во Република Македонија за државјанство на граѓаните. Тогаш јас и мојата партија се подразбира се спротивсдтавивме на тие законски одредби коине беа во прилог на постаките, полесните постапки и на олиснителнит еоколности за стекнување на државјанство и се сеќавам на таа седница и не ни учествувавме. Жалам што тогаш наместо да се најдат добри решенија за граѓаните, спротивно се изгласаа амандмани кои уште повеќе ја отежнаа можноста за добивање на државјанство. Во текто на периодот кој што помина со години, не помалку од 10 години , сме се соочуваел со граѓани, некои повеќе, а некои помалку, не сакам да се наречам како нај загрижен човек за недобивањето на државјанство на граѓаните, меѓутоа, можеби поради годините на престој во овој Парламент како пратеник можеби малку повеќе сум се судирал со проблеми од оваа природа.

И од социјален аспект и од економски аспект и од аспект на добивање на работа на овие граѓани. Дури понекогаш сигурно и во значителни мерки нервоза

кај таа категорија на граѓани без државјанство. Затоа често пати имало и политички димензии во нашите разни појавувања во разни прилики. Само за илустрација, за последен период можам да ги споменам Брест, Танушевци, Малино, Бушинце, дел од Куманово, меѓутоа и во Скопје каде овој проблем е малку подрастичен односно каде повеќе граѓани се соочуваата со немање на државјанство. Затоа овде тој сегмент можеби е политички, иако ќе се обидам во ова мое јавување и во овие измени и дополнувања да не ја користам политичката компонента.

Во моите предлози за изменувања и дополнувања сум се обидел да бидам искрено кооперативен со многу колеги, со многу комисии, компетентни комисии, со Министерството за внатрешни работи, односно Владата, учествувајќи и на неколку тркалезни маси, на неколку средби само да се направи поквалитетен и подобар закон за правото на стекнување на државјанство.

Се разбира, бидејќи се занимавав со оваа проблематика сум консултирал и сум споредувал и закони за државјанство од разни други држави, меѓутоа за мене беше најзначајно да се консултира Конвенцијата за државјанство на Европскиот совет. Во септември 1997 година како Министерство за надворешни работи сме дале мислење, согласност за оваа Конвенција. Во ноември 1997 година сме потпишале во Стразбург Конвенција за државјанство, Европска конвенција, на Европскиот совет но за жал многу доцна сме ја ратификувале таа конвенција, февруари 2002 година, меѓутоа вистина е дека сме ја ратификувале и таа конвенција. Имајќи предвид неколку членови, меѓутоа најзначаен е членот 4 каде на некој нажин се изразуваат принципите на Европската конвенција за државјанство дека државата треба да води грижа да нема граѓани без државјанство односно да има многу малку граѓани без државјанство. Таму се вели дека право на секој граѓанин е да има државјанство, се разбира исполнувајќи ги условите според законот.

Имајќи ги предвид и дебатите што се развиваа по комисиите (Комисија за политички систем и односи помеѓу заедниците, Комисија за одбрана и безбедност, Законодавно - правната комисија) сакам тука да ги проследам освен тоа што е напишано во извештаите од овие комисии дека на тие комисии без оглед што сме се разликувале можеби со некои пратеници беше значајно тоа што многу мои аргументи беа прифатливи односно покажуваше и гласањето кога многу мои колеги беа воздржани или помалку беа против. Меѓутоа секогаш доминираше една реченица која многу години во нашиот Парламент е и присутна. Можеби и поради

нашата инфериорност што сме дозволиле како пратеници и како Парламент тој закон или предлогот што ќе дојде од Владата да биде подобар или да биде поквалитетен. Се разбира тие што припаѓаат на парламентарното мнозинство, на коалицијата, на владината коалиција во оваа прилика се најдоа во позиција или во ситуација која беше полоша. Меѓутоа сепак јас сум човек кој ги разбира и овие позиции, меѓутоа имам и моја порака која на некој начин да се надминеме себеси и тогаш кога се убедуваме самите себе си дека правиме добар закон и дека правиме нешто во прилог на граѓаните. Затоа поминувам на некои одредби за кои мислам дека треба да се изменат, а вие потоа ќе дадете ваше мислење почитувајќи ги до крај сугестиите кои за жал во оваа прилика, јас знам дека треба да се изразат со амандмани, и измените и дополнувањата ги имам.

Во член 4 и 5 ги имам предвид новороденчињата кои што се родени во Република Македонија и новороденчињата родени во странство кога едниот од родителите е странец, странски државјанин. Сум сакал на некој попрецизен начин да кажам и на покатегоричен начин да ги ставам во еднаква положба новороденчињата што се родени тука и во странство. Да добијат државјанство со природување без дополнителни процедури за тие што се раѓаат во странство. Мислам дека овде имам право и од психолошки аспект братот и сестрата или двајцата браќа, две новороденчиња, две деца да се чувствуваат еднакви без оглед што едниот случајно се родил тука, а другиот се родил или се раѓа во странство.

Продолжувам со измени и дополнувања во членот 7. Член кој што е најдискутиран, член кој што е најпроблематичен со сите негови точки и алинеи. Зошто е толку проблематичен. Проблематичен е за граѓаните кои живееја и дејствуваа во СФРЈ односно во поранешните југословенски републики и бидејќи не го фатија рокот од една година од 1992 до 15 ноември 1993 година и автоматски иако имаат живеалишта, иако имаат недвижнини во Македонија станаа странски државјани, класични странски државјани и требаше да поминат преку сите овие точки, преку сите овие стандарди и критериуми и критериуми кои важеа само за странски државјани, за класични странски државјани. Затоа во првиот текст, во првата измена јас сум предложил претстој во Македонија од 15 да биде 5 години. Од комисиите, од дискусиите што ги слушнав и една верзија која што ја подготвува Владата гледам дека се вели дека сум претерал малку, од 15 на 5 години, гледате колку добро јас ги прифаќам сугестиите и колку интервенирам во мојот закон, тие 5

години ги зголемувам на 8 години, и заради соработката и заради предлогот на Владата од 8 години.

Другата интервенција ја имам врз основа на праксата и врз основа на тоа што сум го слушнал или сум го видел години со ред.

Алинеа 5, или последната алинеа од членот 7 да се избрише целосно. Да се избрише целосно, значи да не се дава право на дискреција од надлежниот орган, Министерството за внатрешни работи за недавање државјанство на граѓанинот без никакво образложение и со одолговлекување со години, со години на тој процес. Апсурди се случувале, оделе во странство, се посрамотувале до крај луѓе или жена од 80 - 90 години да произлезат како опасни за државата. Затоа и тука ви велам најискрено има проблем и надлежниот орган за давање на државјанство врз основа на процедурата. Со овој орган, знаете за што се зборува, ДБК, кој што и со итност и со едно по друго интервенции на надлежниот орган за државјанство сепак држи многу граѓани во неизвесна состојба, како заложници недавајќи им право за стекнување на државјанство и недавајќи им објаснување. Вакви случаи со стотици имало и во жалбите кои што се поднесени во Уставниот суд, второстепената комисија, и во многу жалби кои биле позитивни за граѓанинот, меѓутоа со тоа да се вратат повторно во Министерството за внатрешни работи и повторното враќање во Министерството за внатрешни работи имало само едно објаснување и само едно разбирање - да продолжи голготата на граѓанинот кој што во процедурите веќе се изгубил, се изгубил и самиот себе си. Можеби некој тоа го има преживеано многу многу тешко во текот на овие години.

Другата интервенција ја имам во членот 9 каде се добива државјанство врз основа на венчање, врз основа на брак. Имајќи ги предвид спецификите на нашата држава се случуваат венчавања и после венчавањето правото за стекнување на државјанство, едниот од сопружниците врз основа на венчавањето. Тука се принудува едниот од нив е странец, странски државјанин или нема државјанство на Македонија да дојде и да престојува една година постојано во Република Македонија за да стекне право на државјанство. Ова се проблеми кои навистина многу влијаат врз животниот тек затоа што има случај кога граѓанинот треба да ја остави работата таму каде што живее и дејствува, значи во странство, а да престојува во Република Македонија една година постојано. Ова се проблеми кои им се случаваат на луѓето, проблеми кои во секојдневието ги преживуваат и се разбира се соочуваат со овие проблеми.

И последната интервенција, за мене можеби најзначајна се однесува на надополнувањето на членот 26 со ставот 26-а. имајќи предвид дека еден голем број на граѓаните не го стигнаа рокот за добивање државјанство по осамостојувањето на Република Македонија, тоа беа граѓани кои живееле во една заедничка држава СФРЈ и се разбира без нивна вина се случи распадот на тогашна Југославија и за среќа беше создадена државата Република Македонија. Меѓутоа во оваа среќа сега не треба да дозволиме несреќа кај оние граѓани кои се нашле во тоа време во поранешните југословенски републики и на нив да не им се дава државјанство и со години да се третираат како странски државјани. Имајќи го сето ова предвид, имајќи предвид и еден пример, примерот на Словенија, која иако сеуште трае процесот на сукцесија од тогашната Федерација за одредени прашања, било да е тоа недвижен имот, амбасади итн., доколку се врши сукцесија на наследството на имотот значи треба да се изврши една сукцесија кај граѓаните кои треба да се вратат во нивните матични републики и да го земат државјанството, во овој случај државјанство на Република Македонија. Ова е многу силен аргумент, иако ова се случува после повеќе години. Јас знам дека има и други аргументи со кои што ќе се каже зошто тогаш не биле повнимателни, меѓутоа треба да се има предвид и евентуалната бирократија, евентуалната неинформираност, немањето можност да се приберат потребните документи како во соседните држави, така и во подалечните каде што се случуваа војни, каде ситуацијата во одредени поранешни републики беше многу лоша, многу конфликтна и затоа на овие граѓани мислам дека треба да им се даде можност во рок од една година без многу да ги мачиме, без повторно да ги вовлекуваме во судски и други процедури односно доколку имаат тука живеалиште, имаат имот кој што можат да го докажат, а тој имот го поседувале и во времето кога се донесувал тој закон за државјанство нив веднаш да им се даде можност да се стекнат со државјанство.

Вие гледате дека моето образложение на законот и на почетокот и на крајот јас не сум рекол дека со овој проблем се соочени најмногу албанците, со тоа не би рекол ништо ново, меѓутоа сепак тоа не значи дека и другите граѓани го немаат овој проблем. Има македонци, срби, бошњаци, власи и роми. Бројот може да биде поголем или помал, меѓутоа сепак и тие се соочуваат со овој проблем. Доколку овие се аргументи, доколку јас не влегов детално во аргументите со кои секојдневно сум се соочувал со години односно да спомнам многу интересни, специфични случаи за тоа како луѓето не можеле да се стекнат со државјанство или пак граѓаните како го

изгубиле државјанството, им било одземено. Имајќи ги предвид сите овие аргументи, спомнати и неспомнати, зошто да не имам право да очекувам поддршка. Кога би можеле само овој пат да се надминете самите себе и да не очекувате само закони предложени од Владата, знам дека вие ќе кажете дека таму биле ангажирани експерти, законот бил работен на подобар начин, меѓутоа верувајте со истите експерти, со истите аргументи бев приклучен и јас не како експерт туку сакајќи да извршам консултации, да се здобијам со што повеќе информации.

Доколку ние денеска ги усвоиме овие измени и дополнувања мислам дека сме направиле една добра работа. Немојте да се обидувате да го разместите проблемот во некоја политичка димензија и да речете 200 илјади албанци се без државјанство и дека со овој закон сите 200 илјади ќе направат не дај боже што ќе стане со Македонија. Доколку овој речник, како што видов од одредени луѓе во комисијата дека ќе доминира, тогаш верувајте дека воопшто нема смисла да се предлага еден ваков закон.

Најсериозно Ви велам дека ова не е вистина. Имам информации од МВР дека во процедура се 2000 барања, а вие сллушнавте изјава на портпаролот на МВР за таа бројка. Исто така, имам одговор од такви извори дека пред неколку години тие биле 4-5 илјади. Значи, бројките што вие би ги спомнале, кои се огромни, воопшто не се точни, но доколку некој сака целиот овој ангажман и труд да го стави во некоја политичка провокативна и емотивна димензија, тогаш тоа е Ваше право, тоа нема да Ви го одземам. Меѓутоа, верувајте дека така нема да постапите добро,нема да постапите добро како поради политичката и безбедносната состојба во државата, а тоа нема да биде добро ни во однос на соодветно третирање на проблемите на овие граѓани кои и понатаму се соочуваат со проблемот на немање на државјанство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурално, има збор г-динот Хисни Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Господине претседателе, господа пратеници,

На дневен ред имаме значајна точка која е во врска со интересите на многу граѓани во РМ. Иницијативата произлегува од пратеникот Исмет Рамадани. Меѓутоа, со самиот факт што и владата предложила закон кој е во врска со измените во Законот за државјанство, закон кој очкуваме да биде на дневен ред, добро е предлагачот на законот, значи г-динот Исмет Рамадани, и покрај работата и енергијата што ја потрошил за подготвување на овој значаен закон, би побарал тој

како предлагач на овој закон да го повлече законот. Ова го изразувам како став на парламентарната група на ДУИ, а образложението е во тоа, уште еднаш ќе нагласам, дека Владата има подготвено закон, кој сигурно ќе биде разгледуван во сите комисии на Собранието на Република Македонија и сигурно на следната седница тој закон ќе го имаме на дневен ред, а сите забелешки што ги има г-динот Исмет Рамадани, и тоа што го предвидел како измена во Законот што тој го предлага во постојниот закон за државјанство, да инсистира тие измени да се инкорпорираат во Законот што го предлага Владата. Незнам што друго да кажам. Има потреба овој закон да се донесе уште порано, меѓутоа, и сега не е доцна кога се очекува да се решат некои проблеми на некои граѓани и мислам дека е од заеднички интерес на сите институции на оваа држава, а посебно и во интерес на МВР, ова прашање да се затвори во еден побрз рок заради самиот факт што ова предизвикало големи неправилности кај многу граѓани, без оглед на националната припадност. Законот се донесува за сите.

Затоа, имајќи ги предвид сите овие околности, имајќи го предвид фактот што Владата излегува со предлог на закон за изменување и дополнување на Законот на г-динот Исмет Рамадани му велам дека е добро тој закон да се повлече, иако фактите и аргументите кои што ги понудивте на говорница и елаборирањето што го направивте за Законот вие што сте го предложиле е на многу високо ниво и мислам дека сте направиле исклучително голема работа, па ве поздравуваме за забрзување на постапката за донесување на овој закон. Меѓутоа, во овој момент е оправдано да го повлечете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави г-ѓа Силвана Бонева, но пред тоа, процедурално има збор г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Господине претседателе, почитувани колеги,

Јас ќе се придружам кон апелот на мојот колега. Значи апелираме до предлагачот на законот да го повлече законот затоа што ние го оценуваме како позитивно тоа што беше иницирано донесување на еден ваков закон кој е многу значаен за голем број граѓани на РМ. Меѓутоа, од друга страна знаеме дека Владата дала мислење за овој закон и тоа мислење е негативно.

Исто така, на сите комисии, каде што беше разгледан овој закон парламентарното мнозинство гласаше против овој закон.

И без да прејудицирам, се гледа дека и после дебатата за овој закон нема да се гласа, затоа што Владата во меѓувреме донела еден предлог закон за истото прашање, кој според логиката би требало да биде поддржан од парламентарното мнозинство.

Имајќи предвид дека Владата апелира до парламентот да се донесе законот со забрзана постапка, ние сме изненадени зошто оваа точка не е ена дневен ред денес, кога се говори за брза постапка. Ние пратениците на ДПА вчера разговаравме и дискутиравме, предвидовме и амандмани за да разговараме денес за законот предложен од Владата. Сета таа работа падна во вода затоа што денес г-динот министер со едно објаснување кое воопшто не држи рече дека ќе го повлече затоа што не сака да има две исти точки на дневен ред.

Мислењето на парламентарната група е да не продолжиме понатаму со дебатата за едно прашање што е поврзано многу и влече многу емоции, што е поврзано со многу неразрешени и комплексни прашања кои се однесуваат на одреден број граѓани што очекуваат решенија од нас. Значи, да не се играме со нивните емоции, туку на сукцесивен начин на следната седница да влеземе во една сериозна дебата, имајќи ги предвид сите забелешки од страна на предлагачот на законот предложен на оваа седница и дефинитивно при следната седница да го решиме ова многу значајно прашање, доколку има политичка волја.

Значи, со цел да не играме со тие емоции, мислам дека треба да се пристапи кон повлекување, за да можеме на наредната седница сериозно да дискутираме по ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-динот Рамадани бара збор во својство на предлагач.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас имам разбирање за барањето како на координаторот на парламентарната група на ДУИ, така и на координаторот на Парламентарната група на ДПА. Меѓутоа, навистина би било премногу, затоа што сите сте сведоци дека во јули го повлеков Предлог-законот од дневен ред, тргнувајќи од сето она што значи соработка. Дадов можност и на Владата да работи по интензивно на поинтензивен начин, и да го подготви законот. Мене ме радува фактот што покрај се Владата подготвила законот. Меѓутоа, ние треба да имаме предвид дека јас ги почитувам решенијата, предлозите и одредбите кои ги предлага и ќе ги предложи Владата. Меѓутоа, вие

воопшто не можете да го сметате за погрешно доколку јас ќе кажам дека решенијата кои јас ги нудам се подобри, затоа што во крајна линија тоа е сосема природно.

Сте имале можности со амандмани и со консултации и сугестии да го искористите цело ова време, зошто јас навистина не можам веќе да го повлечам. Во 2000-та година исто така ми пропадна еден ваков обид. Во јули сам го повлеков од причините што ги спомнам и сега мене ми се чини дека вие треба како колеги и пратеници - ова се однесува на сите пратеници тука - сега вие имате збор, имате збор и при вашите дискусии и ќе имате збор и при вашето гласање.

И покрај се, мислам дека овој закон денес треба да го добие својот епилог.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, законот останува на дневен ред, не се повлекува.

Вие барате збор процедурално г-дине Вејсели или не? (Не).

За збор се јави г-ѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Пред нас навистина е еден сериозен закон за сериозна проблематика која ги тангира сите граѓани во државата. Затоа, ја поздравувам иницијативата на господинот Рамадани и неговиот обид да подготви еден закон кој ќе биде усогласен, како што кажа тој, со важечкото законодавство во ЕУ и со критериумите и стандардите кои се утврдени во Европската конвенција за државјанство, чиј потписник е и РМ од 18 февруари 2002 година. И навистина, сите ние како пратеници, би требало да го цениме трудот на г-динот Рамадани, кој навистина се обиде да понуди на сите нас едно решение, што е прилог кон демократијата и пример за активен однос на пратеник кон одредено сериозно прашање.

Меѓутоа, лично не можам да се согласам со предлогот кој што се нуди и тоа го искажавме и како политичка партија од повеќе причини. Јас ќе наведам само неколку од нив.

Најнапред би тргнала од тоа како ние како пратеници, како законодавна власт, па и извршната власт, треба да пристапуваме кон донесувањето сериозни закони во ова Собрание, што ги тангираат сите граѓани во државата, ја допираат и економската, и безбедносната и социјалната сигурност на граѓаните во неа.

Прво, мислам дека сите ние и извршната власт треба да тргне од утврдувањето што е тоа стратешки национален интерес на Република Македонија како држава и оттаму од овој аспект да бидат разгледувани сите закони кои ги

донесуваме во оваа држава. Несомнено е дека заеднички интерес на сите нас е усогласувањето на нашето законодавство со законодавството на ЕУ и овде навистина немам никаков приговор за предлогот кој што е пред нас.

Меѓутоа, јас лично сум убедена и не мислам дека побрзо ќе стигнеме до Европа, доколку направиме закони по мерка на ЕУ, и на конвенциите кои што ги потпишуваме, доколку не се загрижиме и за нешто друго што е многу поважно за сите граѓани во РМ, а тоа е економската стабилност, значи материјалната и социјалната сигурност на граѓаните во РМ. Мислам дека тоа треба да ни биде појдовна основа при донесувањето на законите и при одењето по нашиот пат кон ЕУ. Значи, при донесувањето на секој закон треба да тргнеме од овој важен интерес и понатаму треба да мислиме секој закон кој го донесуваме какви репреркусии ќе предизвика, еве конкретно за Законот за изменување и дополнување на Законот за државјанство кои ќе бидат реперкусиите што ќе ги има по безбедносната стабилност, дали ќе овозможи поголема безбедносна стабилност на државата, доколку се одлучиме за многу полиберални решенија како што се предлагаат од господинот Рамадани, кои имавме можност да видиме со амандманите што беа доставени пред нас дека веќе се усогласува со ставот на Владата за рок од 8 години, кој рок е потребен некој странец да биде постојано присутен на територијата на Република Македонија за да може да добие државјанство, додека г-динот Рамадани зборуваше и за неконтинуиран претстој на територијата на РМ. Како и да е, сега пред нас имаме законско решение од г-динот Рамадани за осум години и од владата, кое за неколку седници верувам дека ќе го разгледуваме.

Значи, кои ќе бидат реперкусиите, дали полибералното решение кое се нуди ќе предизвика зголемување на вработеноста на граѓаните, дали ќе предизвика поголем економски раст во државата, дали социјалната стабилност на државата ќе биде зајакната. Значи, за сите овие работи треба да размислуваме пред донесувањето на некој закон.

Со ова решение сега што се предлага, па и со решението на Владата, меѓутоа, тоа не е на дневен ред сметам дека ние не тргнуваме токму од интересот на државата, нашата држава, РМ и состојбата во која таа се наоѓа. Има многу земји кои применуваат вакви либерални решенија кои имаат сопствен интерес. Секоја држава која што го дефинира цензусот на државјанството, значи, годините кои што се потребни, секогаш тргнува од нејзиниот интерес за да ја заштити најнапред својата економска стабилност, безбедносна и социјална стабилност, па во исто

време секогаш вакви либерални решенија се донесуваат со поттикнување на економскиот раст во државата, искористување на природните ресурси, значи потребната работна рака за да можат да се искористат сите ресурси, за да зајакне економијата во одредена држава.

Во моментов во РМ имаме огромен број невработени, имаме катастрофална економска состојба, сеуште имаме раселени лица кои што не можат да се вратат во своите домови, имаме неконтролирана територија, а згора на тоа имаме и порозни граници, кризни региони, значи територии каде што не владее правото на државата. Дали во такви услови ние како парламент треба да размислуваме за донесување на некои решенија, кога ни отсуствува и основниот критериум и основните показатели кои однапред треба да ги имаме, пред донесување на ваков закон, а тоа е: да имаме квантитативни податоци, една јасна слика за бројот на луѓето кои немаат државјанство во РМ, нивната социјална состојба, националната структура. Значи, повторно ќе се навратам како што кажав и на Комисијата за политички систем дека за нас е неминовно да ги имаме резултатите од пописот, бидејќи без резултатите од пописот само ќе погодуваме, на секој појдовна основа ќе му бидат сознанијата што ги има за оваа проблематика и ќе тврди колкав е бројот на луѓе што бараат државјанство во РМ.

Значи, неминовно е да имаме и вакви квантитативни податоци за да може да се направи една квалитативна анализа и да видиме кој ќе биде нашиот стратешки национален интерес и од тоа да утврдиме колкав број на години е потребно да ставиме во нашиот закон за државјанство. Значи, дали да го либерализираме и до кој степен, дали тоа да бидат пет години како што најнапред предлагаше г-динот Рамадани или 8 години како што предлага Владата или пак треба да биде десет години како што важи во ЕУ и обврската што сме ја презеле со потпишувањето на Европската конвенција за државјанство. Дури тогаш можеме да имаме една јасна слика за да донесеме едно сериозно решение, бидејќи почитувани дами и господа, либерализацијата на нашето законодавство во однос на државјанствата во исто време значи, како што кажа и г-динот Рамадани, бидејќи тоа е една првна врска меѓу граѓанинот и државата, тогаш и државата презема одредени обврски спрема новите граѓани. Како може РМ да преземе нови обврски спрема нови државјани на оваа држава кога и за сопствените државјани, кои се државјани во моментов на РМ, не може да обезбеди ниту материјална ниту социјална сигурност. Секојдневно гледаме дека луѓето се отпуштаат од работа, се на улица и н емаат никаква ниту социјално

ниту материјална сигурност. А, со преземањето обврска овие луѓе да бидат државјани на РМ, тогаш од буџетот на оваа држава, во случај на нивна материјална и социјална несигурност, треба да се делат пари за нивна социјална сигурност, за дополнително оптоварување на Буџетот, и не само тоа туку и за здравствена заштита на овие граѓани бидејќи не можеме да ги оставиме така, ќе бидат рамноправни граѓани со сите граѓани во Република Македонија.

Токму заради тоа, јас лично мислам дека, најпрво, треба да ја стабилизираме сопствената држава, да ги вратиме раселените лица на своите огништа, да станат непорозни границите, значи да ги контролираме границите на Република Македонија, да завладее правото на целата територија на државата, а потоа да се согледаат потребите за носење на вакви полиберални закони. Усогласувањето на нашето законодасвство со законодавството на Европската унија и моментот од кога би требало да почне да важи тоа законодавство и во однос на државјанството, најповолен рок би бил нашиот пред да влеземе во Европската унија. Бидејќи, во моментот имаме шареноликост и во Европската унија, земјите кои се членки на Европската унија и европските земји, некаде цензусот е 10 години, како што е Италија, некаде е 5 години, некаде е 8 години и тн. Меѓутоа, имаме пример и Швајцарија, каде што цензусот е 12 години. Значи секоја држава си тргнува од нејзните стратешки интереси и врз основа на тоа го утврдува цензусот за државјанството. Значи, повторно ќе кажам, треба да причекаме да стигне пописот, да имаме резултати од пописот, да видиме колкав е тој број на граѓани кои се на територијата на Република Македонија кои што бараат државјанство од Република Македонија и каква е нивната социјална и национална структура за да може да одлучуваме мериторно кој ќе биде тој цензус во кој што би бил прифатлив за сите граѓани и за Република Македонија како држава и кој што нема да ја наруши нејзината посебна економска стабилност и социјална стабилност. Овде неколку пати и на Комисијата господинот Рамадани потенцираше дека во најголем дел овој закон го предлага да се скратат маките нормално на граѓаните кои што лутаат од шалтер на шалтер и на оние граѓани кои што не успеале во рокот, мислам што беше даден после 8 септември кога Република Македонија прогласи нели, самостојност, тие биле државјани на бившата Југославија и како државјани на Југославија во моментот тогаш се наЗшле на територијата на Македонија и не успеале да го регулираат статусот свој, со рокот кој што бил даден. И беше кажано дека еве и денес од господинот Рамадани дека оваа бројка е некаде околу 2000 барања, врз основа на

барањата кои што се доставени, нели до службите. Ако е тоа така, ако се работи за оваа бројка и за овие граѓани кои што имаат сопствен имот кој што се на територијата на Република Македонија уште пред нејзиното осамостојување, значи не се работи ниту за 8, нити за 5, ниту за 10 години, тогаш би можеле сите ние од кога ќе заврши пописот, откакоќе се утврди кој е тој број тогаш да се донесе еден специјален закон кој што ќе ја реши состојбата само за овој вид, оваа категорија на граѓани. Значи, не мора да се носи еден  општ закон кој што ќе ги регулира сите ситуации, кој ќе биде либерален за сите странци кои што престојуваат на територијата на Република Македонија.

И да не должам многу на крајот би кажала дека ако во 1994 година оваа речиси иста власт даде 120.000 државјанства, и ако сега како што сметаме ние по наши проценки некаде околу 80.000 државјанства би можеле да бидат дадени со либерализирањето на Законот за државјанство, значи тоа би била бројка некаде од 200.000 граѓани кои ќе добијат државјанство во Република Македонија, тогаш по мене тоа целосно би ја променила етничката карта на Република Македонија и би предизвикално уште поголема економска беда во државата, токму поради тоа што и 1994 година зборувам етничката структура на државата, бидејќи во најголем дел луѓето кои што добија државјанство беа од албанската етничка заедница а исто така очекуваме и денес тоа да биде.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господин Вејсели.

За реплика се јави господинот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Жалам што претходната говорничка многу се занимаваше со бројки, кои што немаат ништо вистинско во себе. Покрај тоа, сакам да нагласам еден факт, кој всушност е вистински и реален. Во реалноста се зборува за следново. Во 2002 година од ова Собрание е ратификувана Европската конвенција за државјанство, а сите знаеме дека во согласност со член 118 од Уставот на Република Македонија, конвенциите кои се ретификуваат во ова Собрание, стануваат дел од законскиот систем на Република Македонија. Јас незнам што е сомнително во овој правец, на законот или на правните акти, кои што се занимаваат со прашањето за државјанството или конкретно да речам Законот за државјанство, кој што е на сила

во Република Македонија, неопходно е да се хармонизира со одредбите од оваа конвенција и тука нема ништо лошо. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Бонева, реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине претседателе, само накратко, мислам дека колегата не ме следел доволно. Јас и во моето излагање кажав дека за да имаат нешто вистинско бројките што овде ги изнесуваме, треба да ги имаме резултатите од пописот. А, неспорно е дека сите се залагаме за хармонизирање на нашето законодавство со законодавството на Европската унија, меѓутоа, што е тоа што е наш интерес, национален, државен интерес на Република Македонија од тоа законодавство да го избереме, бидејќи има распон од 5 до 10 години за државјанството. Тоа е право на Република Македонија и на овој законодавен дом, бидејќи наше е да го браниме интересот на сопствената држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Рахиќ Есад, реплика.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, претставници на Владата, доколку ги има.

Немав намера да се јавувам денес да дискутирам по овој закон, туку своето право сакав да го искористам кога Владата ќе го имаше Предлог-законот за стекнување на државјанство, меѓутоа, сакам да кажам неколку реченици, ако ми дозволите.

На почетокот ќе кажам една понародска изрека од нашиот источен сосед, ќе се обидам да не звучам вулгарно и се вели, дали кажаа дека вашата сестра е жена со лесен морал, џабе објаснувајте им на комшиите дека немате сестра. Ова го кажувам од аспект на податокот што господата колеги од ВМРО-ДПМНЕ константно го вртат податокот дека од 1992 година до 2000 година 150 или 200 илјади добиле државјанство на Република Македонија и дека тоа биле албанци и со тоа е пореметен балансот односно рамнотежата во Република Македонија. Онаа приказна, илјада пати кажана лага, станува вистина, сакам да ја демантирам и ќе ги упатам господата односно госпоѓата пратеничка да прочита во саботното издание на весникот Вечер и да се обрати до Министерството за внатрешни работи, каде што

постојат егзатни податоци дека 120 илјади луѓе што поднеле барање добиле државјанство и од тие нешто повеќе од половина се албанци. Таму има македонци, роми, срби, бошњаци и турци. Би ја замолил во име на вистината, се извинувам што можеби на почетокот бев малку вулгарен, меѓутоа, ова стана веќе непримерно. Кажано е дека со пописот од 1994 година 20 илјади луѓе се попишани кои немале државјанство. Меѓувреме, еден дел од нив го решил државјанството а некои се одбиени. Во процедура се 2000 лица кои бараат државјанство. Во име на вистината на целата македонска јавност јас инсистирам и уште еднаш би ве замолил да не се служиме со паушални податоци дека 200 или 150 и љади луѓе чекаат на решавање на проблемот на државјанството.Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Бонева, реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Господине Рахиќ, токму така како што кажавте и вие, кажав дека има 120 илјади државјанства дадени во 1994 година и во најголем дел од албанската етничка заедница. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Секој што бара реплика нека се пријави.

Господин Џезаир Шаќири реплика.

ЏЕЗАИР ШАЌИРИ:

Ви благодарам господине претседателе,

Сакам да проговорам во врска со предлогот на овој закон. Слушнавме многу изјави од колегите дека се работи за странски државјани кои сакаат државјанство на Република Македонија, меѓутоа забораваме да говориме за фактот дека само во селата Танушевци, Брест, Лашевци, Сопот и многу други села, забораваме дека тие граѓани се родени на територијата на Република Македонија. Само поради фактот дека пред 20 или 30 години ја имале нивната среќа мајка им да е од Косово и дека иако тие живеат со декади, со децении во Република Македонија сепак, тие немаат државјанство. Овие бројки од десетици или стотици илјади што се спомнуваат, било да се десетици илјади или стотици илјади, таков вид на луѓе мора да бидат примени за државјанство и решението треба да биде што е можно поскоро. Не смееме да манипулираме со бројки врз национални основи. Пред нас имаме еден реален проблем кој мора да го решиме што е можно поскоро. Поради тој факт и јас како

пратеник ќе гласам за законот кој што го предложи господинот Исмет Рамадани, затоа што проблемот бара решение. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Хисни Шаќири, реплика на госпоѓа Бонева.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Би ги замолил општо сите пратеници, во конкретниов случај и пратеничката Бонева која даде одредени бројки, кои за јавноста претставуваат само манипулација. Доколку говори со бројки, тогаш треба покритие за тоа. Јас незнам колку е таа запозната со податоците од пописот од 1991 година и од 1994 година, меѓутоа, сега го имаме пописот од 2002 година. Доколку направиме една научно заснована анализа и доколку се анализирааст сите параметри на демографските движења во Република Македонија, госпоѓо, треба да имате предвид и сите други кои говорите на оваа говорница дека ние немаме покритие за сето тоа што го кажуваме, туку дека само манипулираме со масата. Затоа, не е вистина тоа што вие го кажувате дека се работи за над 100 илјади државјанства, тоа е само за да се обвини некој и за да се создаде една тешка конфузна ситуација пред македонската јавност и пошироко, која во моментов не ни одговара. Затоа, да внимаваме на Законот не треба да му даваме политичка димензија. Законот се носи со сите граѓани на Република Македнија, а не санмо за една национална заедница, било тоа да е албанската, тоа не е вистина. Тој  закон ќе се донесе во интерес на сите граѓани, независно од тоа кој на која заедница припаѓа. Македонија сега е на сите и мислам дека треба во оваа насока да ги гледаме проблемите, но немојте да манипулирате со бројки, затоа што би било исклучително тешко за сите нас, меѓутоа и за вас, затоа што за многу кратко време на тој начин ќе ја изгубите довербата кај вашиот електорат. Тоа ќе биде така, затоа што со самиот факт дека зборовите што ги кажувате на говорница немате покритие. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Анастасовски Иван има реплика на госпоѓа Бонева.

Ве молам генерално сите пратеници кои учествуваме во расправата, оперирајте со официјални податоци кои ги даваат државните органи. Инаку, ако секој од нас прави сопствени проценки по весници што пишувало , па колку мисли дека има, ќе направи хаос во работата. Затоа, ве молам сите да се држиме до податоците на органите, тие се официјални, а сите други се процени кои што ништо не значат.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам претседателе, во контекст на ова што Вие го кажавте бидејќи госпоѓата Бонева кажуваше некои бројки, господинот Есад Рахиќ рече за некоја бројка, ја спомна таа цифа во неговата реплика од 120 илјади за претходно издадени државјанства, меѓутоа, госпоѓата Бонева потоа истакна една бројка од 80 илјади државјанства кои би се издале ако се донесе овој закон. Со самото тоа би се сменила етничката карта во Република Македонија. Токму за тоа би сакал да ја прашам, врз што се базира нејзиното кажување од 80 илјади нови државјанства наводно, според која анализа, како е дојдено до таа бројка. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господин Трајановски Коце.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата на Република Македонија иако би требало да е од Министерството за внатрешни работи претпоставувам, почитувани колеги и колешки пратеници.

Се јавив за збор, затоа што сметам дека е ова исклучително значајна материја за која што треба да дискутираме. Искрено, сметам дека колегата Исмет Рамадани ќе го повлече овој закон од денешната седница, со оглед на тоа што Владата веќе го достави во собраниска процедура нејзиниот предлог  меѓутоа, еве не се повлече, а тоа е негово право и негова обврска.

Овој закон ги помина сите процедури низ Собранието на Република Македонија, значи имаше и комисиска расправа и во Комисијата за одбрана и безбедност и во Комисијата за политички систем, значи од аспект на процедурата сосем исправно, иако додека се држеа комисиите мислам дека на втората веќе беше кажано дека во понеделникот Владата го имаше својот предлог ставено и усвоено на дневен ред на седницата на Владата и на комисиите мислам дека беше донесено заклучоци дека со оглед на тоа  што нема мислење од Владата, и со оглед на тоа што се подготвува или е подготвен веќе во процедура таков закон овој закон на господинот Рамадани не беше поддржан со овие укажувања, значи дека ќе биде еден владин закон кој што ќе биде посеопфатен. Меѓутоа, еве овој предлог е на дневен ред. Јас учествував во двете комисии, го гледав и предлогот на Владата на Република Македонија кој што сметам дека ќе биде на една од наредните седници и можам да кажам дека се преклопува на некој начин предлогот на господинот Исмет Рамадани и предлогот на

Владата е малку посеопфатен, значи има и некои други измени кои што не се опфатени во овој закон.

Со оглед на тоа што не сакам да се повторувам со претходните дискутанти, сакам да истакнам една моја забелешка, едно мое видување. Имено, се однесува за усогласеноста со Европската конвенција за државјанство. Сметам дека не е спорна обврската на Законот за државјанство на Република Македонија дека треба да се усогласи со Европската конвенција за државјанство на Советот на Европа, на која Македонија и пристапи на 3 ноември 1997 година, а Собранието ја ратификува дури на 18 февруари 2002 година. Значи во 1997 година после пристапувањето Владата на Република Македонија направи работен тим, кој што требаше да ги подготвува измените т.е. усогласувањата на Законот за државјанство со Конвенцијата за државјанство на Советот на Европа.

Таа работна група некаде во февруари - јануари 1992 година повторно беше обновена и така да до денеска таа работи скоро пет години на измени и дополнувања на Законот за државјанство. Затоа сметам дека овој закон требаше да се повлече, со оглед на тоа што овој владиниот е плод на една работа од една работна група која работи скоро пет години. Меѓутоа, неусогласеноста на Европската конвенција за државјанство, не е во таков обем за да претставува проблем за остварување на правото на државјанство во Република Македонија, ниту пак Законот за државјанство на Република Македонија е во спротивност во Европската конвенција за државјанство. Истовремено, сметам дека не постојат недоречености и недостатоци на постојниот закон, од аспект на неговата практична примена во обем за да биде неспроведлив како што се сака тука да се прикаже од некои претходни дискутанти. Овој закон, измените и дополнувањата на овој закон практично третира две категории на граѓани и тоа класични странци и граѓани кои што биле државјани или жители на републиките од поранешна СФРЈ. Од тој аспект од тоа последното, сакам да кажам дека повторно се актуелизира прашањето за добивање на државјанство на Република Македонија за државјаните на другите републики на поранешна СФРЈ и државјаните на поранешна СФРЈ. Тоа право еднаш е веше апсолвирано и тоа апсолвирано со членот 9 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија од 17 ноември 1991 година, во кој што се вели дека тоа ќе биде направено согласно со закон за државјанството што треба да се донесе во Република Македонија. На тој закон децидно пишува дека во Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, државјаните

на другите републики на СФРЈ кои на денот на влегување во сила на овој Устав, на Уставен закон имале пријавено живеалиште на Република Македонија, а немаат државјанство на Република Македонија ќе можат да стекнат државјанство на Република Македонија согласно со Законот за државјанство на Република Македонија. На 27 октомври 1992 година се прогласи Законот за државјанство на Република Македонија. Во членот 26 став 3 беше одредено дека граѓаните кои што беа споменати во Уставниот закон што сега го дискутирав, можат да стекнат државјанство на Република Македонија ако во рок од една година поднесат барање за државјанство, имаат постојан престој и законски престојувале во Република Македонија минимум 15 години и нормално, да се полнолетни. На овој начин сметам дека прашањето беше веќе еднаш апсолвирано, и ако ние повторно ние се обидуваме да ова прашање го ставиме на дневен ред и со измената на Законот да можеме да го спроведуваме, ќе направиме повреда на Уставот на Република Македонија, за што мислам дека и Уставниот суд на Република Македонија ќе даде негативно мислење. Затоа, сметам дека оваа одредба, значи господинот Рамадани тоа го прави со додавање на еден член 26-а, со кој што на некој начин, во една друга модифицирана форма се прави обид за да може да се реша повторно проблемот на граѓаните кои што не биле решени, незнам по кој основ, иако било дадено една година од донесувањето на законот. Значи, од 27 октомври 1992 година, па се до 27.10.1993 година граѓаните од поранешните републики на СФРЈ имале рможност да поднесат барање и законски, согласно законот, како што го вели тоа и Уставниот закон на Република Македонија од 1991 година да добијат државјанство на Република Македонија.

Инаку, она што се говори за бројки и јас сметам дека многу бројки тука продефилираа. Меѓутоа, едно треба да ни биде јасно, дека единствено меродавни се институциите на системот кој што треба да ги дава овие бројки. Ние и во предлогот на законот од Владата на Република Македонија треба да ги очекуваме овие бројки да бидат децидно кажани таму, иако во весниците има мислења и од екс министерот за внатрешни работи господинот Павле Трајанов, кој што исто така спомнувашер огромни бројки од 80.000 граѓани, кои што треба согласно на овие измени да добијат нови државјанства, нормално со нерегулиран престој, веќе државата нема евиденција за нив.

Затоа, сметам дека Министерството за внатрешни работи треба јасно и децидно да искаже, да ги даде тие бројки и тоа до нас пратениците предлагајќи го

законот, а не ние да бидеме информирани од пресовите на Министерството за внатрешни работи. Затоа, ВМРО-ДПМНЕ, значи Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи овој закон, новиот закон кој е предложен од Владата на Република Македонија, кој што ќе биде на една од наредните седници, сметам дека повторно ќе отвориме расправа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Објавувам пауза до 15,оо часот. Ќе продолжиме во 15,оо часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,15 часот)

Продолжуваме со расправа по законот.

За збор се јави господин Вејсели. Повелете.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Имаме предлог за измена и дополнување на Законот за државјанство. Имаме пред нас предлог закон за измена и дополнување на Законот за државјанство, навистина значаен закон, закон кој е во врска со проблемите на граѓаните во овие 12 - 13 години, проблем кој честопати се отворал во овој парламент и со самите расправии и усвојување на постоечкиот закон за државјанство, кој за тогашната парламентарна група на ПДП беше неприфатлив. Пратениците на ПДП неколку пати се обидувале на легален начин, почитувајќи ги сите парламентарни постапки, се обратиле кон парламентот, да направи измени и дополнување на Законот за државјанство, затоа што во пракса имаме проблеми од разни природи. Меѓутоа, сите овие проблеми одат на штета на граѓаните.

Еднаш, во мандатот од 1998 - 2002 година имавме исто така предлог за изменување и дополнување на Законот за државјанство. Меѓутоа, тогаш одговорот на страна на Владата на Република Македонија и од парламентарното мнозинство што беше тогаш на чело со ВМРО-ДПМНЕ ни беше речено, повлечете го законот, затоа што ние ќе предложиме подобар закон од страна на Владата на Република Македонија. Помина 1999, 2000 година, 2001, 2002, сега 2003 година и сеуште немаме предлог закон кој ќе произлезе од Владата на Република Македонија за измена и дополнување на Законот за државјанство, преку кој ќе ги олесниме

процедурите за стекнување на државјанство на тие граѓани на кои им припаѓа државјанството на Република Македонија. Затоа ПДП, согледувајќи ја оваа празнина и глувоста на владите кои доаѓаат и си заминуваат, инсистираше и овој пат да предложи закон кој закон ќе биде во функција на граѓаните.

Вие знаете дека пред неколку месеци предлагачот го повлече законот со образложение дека нема мислење од страна на Владата на Република Македонија. Еве сега, повторно е на дневен ред закон кој, повторно нагласува е значаен закон, закон кој ги помина сите парламентарни процедури, имаше широка расправа во комисиите на парламентот каде за прв пат ја гледам не смелоста на пратениците на овој парламент, за прв пат гледам дека ние навистина како пратеници сме ринструментализирани и овдер служиме само како гласачка машинерија, неземајќи ги предвид интересите на граѓаните, иако сите сме направиле анализи, темелни анализи, што значат измените кои се предлагаат од страна на пратеникот на ПДП.  Дури ние како пратеници од ПДП имаме и со што да се горедееме, бидејќи со овој наш предлог навистина ја предизвикавме Владата на Република Македонија да предложи еден закон, виза ви законот кој денес е на дневен ред и за кој имаме расправа.

Меѓутоа, јас ви гарантирам дека законот кој го предлага Владата на Република Македонија, а што го имам во свои раце не е подобар од законот кој го предлага претставникот на ПДП, господинот Исмет Рамадани. Ова го велам со полна одговорност. Ние ќе расправаме и за законите кои доаѓаат од Владата на Република Македонија, меѓутоа, ако сме искрени и правични и ако сме смели, нас крајот на краиштата тогаш навистина ќе одлучиме за проектот кој е подобар, проектот кој е порешителен и проектот кој е во прилог на граѓаните на Република Македонија. Ако немаме смелост, ако не читаме и неанализираме и не вршиме искрени споредби, тогаш ќе одлучиме, точно парламентарното мнозинство ќе одлучи за Владата на Република Македонија бидејќи тоа е и нејзина политика.

Во комисиите, инаку се соочувавме со предлог законот што е предложен од страна на ПДО и од Исмет Рамадани и сме оквалификувани од Владата на Република Македонија како негативни. Без да предложиме закон или без да има закон се дава негативно мислење само затоа што е предложен од една опозициона политичка партија, од еден пратеник кој припаѓа на една опозициона партија и кој не е пратеник кој припаѓа на парламентарното мнозинство. Ова, априори, е негативното мислење од Владата на Република Македонија. Меѓутоа,

навистина е зачудувачки фактот како ние што сме тука и што ги штитиме интересите на граѓаните, не го ставаме во прв план граѓанинот, туку си ставаме интересите, било да се партиски, владини и како и да е. Сме расправале и во комисиите и некои на нас ни рече, вие имате проблеми, вие имате пречки затоа предлагате закони. Вие имате и обврски. Да, имаме обврски сите, навистина да го средиме стандардот на граѓаните. Сите имаме обврска и треба да работиме и да ги штитиме интресите на тие граѓани кои ние денес тука денес ги претставуваме. Ако ние тоа не го направиме, ако не создадеме еднаквост на теренот, верувајте дека со декларации и слични работи нема да постигнеме ништо.

Денес многу од вас на говорница рекоа, за овој закон нема да расправаме, ќе расправаме за проектот на Владата на Република Македонија. Колеги пратеници, па и пратеникот има право да предлага закон. Не е тоа закон кој е направен ат хок. Направени се широки консултации, дури и 10-годишни консултации. 10 години се консултираме внатре во партијата. 10 години се консултираме со разни експерти од Европскиот совет, дури и со меѓународни експерти, како можеме да донесеме еден закон кој ќе биде прифатлив за сите овде што сме присутни, без оглед на нивната национална припадност и нивната политичка провиниенција. Сме се обиделе навистина да направиме еден предлог кој ќе биде навистина прифатлив, а не априори да се одбие или да се даваат изјави, не можеме да го подржиме законот, затоа што ќе се легализираат или ќе добијат државјанство албанците. Па од каде дојдоа албанците тука да бараат тука државјанство. Тоа се албнаци од Република Македонија, тоа се албанци од СФРЈ. Никој не е виновен што ние сме биле во една заедница на држави, во федерација. Никој од овие граѓани што денес останале без државјанство не се виновни што се поделија поранешните југословенски републики и станаа независни, а тие останаа без ништо во раце. И денес, немајќи вина тие граѓани сеуште ние си дозволуваме комодидет да играме со нивната судбина, било да се тоа од нив мнозинството албанци. Дури воопшто не ми се допаѓа што излегуваат овде на говорница пратеници и велат дека овој закон ќе го зголеми бројот на албанците во Република Македонија. Одат сеуште во делби на Република Македонија.

Според новата реалност, според Охридскиот договор, спроед уставните измени, би им препорачал на сите пратеници да ги остават политичките паркетинзи. Дајте да ги видиме интересите на граѓаните. Сега сме сите еднакви. Помина времето кога можеше парламентарното мнозинство на македонците да донесе закон кој им

одговара само на македонците. Вака било кога се усвојувал овој закон. Албанците не го изгласале овој закон. Денес, дајте со консензус да постигнеме нешто, да бидеме сите еднакви, сите граѓани да бидат лојални на оваа држава. Не може понатаму да се толерира оваа состојба.

На крајот на краиштата, јас пратеници ве прашувам вас, вие што сте против овој проект, дали е подобро да има албанци во Република Македонија со државјанство, или без државјанство. Го барам овој одговор.

Се кажа ќе се измени демографскиот состав во Република Македонија. Немојте. Немојте затоа што со бројките со кои манипулирате, се манипулирате себеси, а не пошироката јавност. Се обидувате да манипулирате со еден дел од македонската јавност. Не е вистина дека македонскиот граѓанин не оди по политичките чекори на функционерите за да зборува за одбивање на законот.

Просечниот граѓанин знае добро да процени даи повеќе се губи со образован албанец, со албанец со државјанство или пак повеќе се добива. Ви гарантирам дека оној албанец кој ќе има државјанство, оној кој ќе биде образован, оној кој ќе биде еднаков, воопшто нема да трпи ниту македонецот, ниту влавот, ниту србинот, туку ќе се обидат да одат заеднички во правец на подобрување на перспективата на оваа земја. Оставете ги тие обиди денес да се прават политички маркетинзи и да ја обвинуваме Владата на Република Македонија, да ја обвинуваме позицијата или пак албанците. Да го оставиме тоа на историјата. Нека историчарите пишуваат за тоа време. Политичарите треба да се свртат кон иднината, треба да се свртат кон заедничкото живеење, треба да направат се, нашите деца да живеат еднакви и слободи во оваа држава. Јас вака мислам и сите треба да размислуваме така во тој правец. Да размислуваме во правец на тоа, ако сум јас албанец, не треба да ме потценувате, ниту пак јас треба да ве потценувам вас, туку треба да бидеме еднакви толку колку на сите ни припаѓа еднаквоста во оваа држава. Верувам дека најголемиот дел од граѓаните на Република Македонија нема да прифаќаат различни поделби, нема да прифаќаат поделби на национални основи. Дури не би прифатиле ниту импонирање, узурпирање и т.н., да не навлегувам во сите детали. Оттука, сите треба да си го најдеме своето место. Ова е еден сегмент каде што вие денес ќе можете да докажете дали посакувате еднаквост и во оваа област, дали сакате еднаквост со сите граѓани кои живеат во Република Македонија.

Тука не се говори за членот 7 каде многумина тука велат, еве ПДП и Исмет Рамадани предлагаат еден многу либерален проект и за пет години сакаат да

ги прифатат. Не. Во ред, еве Исмет Рамадани ќе прифати осум години, па 10 или 12. Не е проблемот во овој член. Проблемот е во постоечкиот закон во членот 7, односно дискреционото право на министерот за внатрешни работи каде не се дава образложение зошто на одредено лице не му се дава државјанство ако поднел барање за добивање на државјанство. Не може и понатаму да се толерира такво нешто. Околу ова сите треба да имаме консензус. Дискреционото право треба да се отстрани. Не може да се дозволи на една институција, или пак на едно лице да решава за судбината на еден барател на државјанство, дали ќе му се даде или пак нема да му се даде државјанство. Доколку не му се даде државјанство, тогаш треба да има образложение зошто не му се дава државјанство. До сега, а и сеуште е во сила постоечкиот закон. Сите што барале државјанство, а биле одбиени, незнаат зошто биле одбиени. Доколку мислите дека тоа е во ред, тогаш немојте да гласате за законот. Доколку мислите дека и натаму треба да се решава така за сите баратели на државјанство, доколку и натаму мислите дека една институција, едно лице треба без образложение да биде одбиено, тогаш немојте да гласате за законот, затоа што тој закон е многу добар, тогаш за граѓаните, независно од нивната етничка припадност. Тоа како прво.

Второ, да одговорам на некои пратеници кои навистина ме поттикнаа да дадат еден таков одговор.

Предлагачот нас ни кажа кои ќе бидат ефектите кои ќе следат со усвојувањето на овој закон од аспект на безбедноста, од аспект на бројките, од аспект на демокрафската структура, економскиот и општествениот аспект. Бројките од официјалните органи се знаат. Јавноста се има манипулирано долго време со разни бројки со некои бројки од 3.000, 5.000, 80.000, 120.000. Меѓутоа, јас тука со полна одговорност ви велам дека бројот на оние кои останале без државјанство не е голем, меѓутоа е загрижувачки. Зошто е загрижувачки? Затоа што и еден да биде без државјанство, без своја вина, претставува загриженост. Јас од 1994 до 2002 година, два мандати бев член на Комисијата за надзор на службата за разузнавање и контраразузнавање. Сите оние кои аплицирале за државјанство, биле одбивани во првиот степен, при жалба, исто така и од второстепената комисија биле одбивани, а сите биле одбивани по тој член 7, односно дискреционо право на министерот за внатрешни работи. Граѓанинот се жалел до Врховниот суд, па и Врховниот суд донел исто таква одлука, како континуитет на претходните одлуки.

Ние во Комисијата им препорачавме на одредени граѓани да се жалат до таа комисија. Верувајте, разни работи имаме гледано во таа комисија во однос на работата на ДБК и не дај Боже да профдолжи да работи така. ДБК буквално ги селектираше на подобни и неподобни. Доколку си неподобен, значи немаш државјанство. Сета оваа работа ние ја ставаме на ДБК, таа да решава за судбината на граѓаните на Република Македонија. Тоа треба сите да го знаат. А ние сите тука молчиме, сите институции молчат, сите тие институции што ги избрал народот, и парламентот, и Владата на Република Македонија за која се гласа од овој парламент. Така се земале на душа граѓани на Република Македонија. Тука имам гледано многу досиеа. Во едно од досиеата што сум го гледал пишува дека една старица од 80 години го загрозила уставниот поредок на Република Македонија.

Од каде ли ќе знае таа 80-годишна старица зошто Министерството за внатрешни работи го одбива нејзиното барање за државјанство. Таа не знае, не добива образложение. Доколку мислите дека ова е добро, во ред, тогаш немојте да гласате за законот, повторно ви велам. Има и други прашања тоа што одредени пратеници се плашат, односно велат дека постои економскиот, социјалниот аспект, дека во Република Македонија има голема невработеност. Тоа е факт дека има голема невработеност, меѓутоа сите се обидуваме да отвориме нови работни места, а новите работни места се знае како се отвараат, се отвараат давајќи и шанса на економијата, на инвестициите и привлекувајќи, правејќи, создавајќи услови за привлекување на странскиот капитал. Странските инвестиции во Република Македонија нема да дојдат се додека ние одбиваме да усвоиме закон за државјанство кое е во интерес на граѓаните, закон кој ќе обезбеди еднаквост и нема да дозволи да има граѓани без државјанство. Кога ќе се задоволат сите сегменти, еднаквоста која ја предвидува Рамковниот договор и уставните измени, тогаш бидете уверени дека ќе има странски инвестиции, затоа што ќе има безбедност, ќе има мир, ќе има стабилност. Тогаш ќе има инвестиции. Не може странскиот инвеститор да дојде да инвестира во Република Македонија се додека ние за најбанални прашања велиме и априори за одредени работи велиме: не, на тој начин ќе се зголеми бројот на албанците во Македонија. Или пак еден претставник на ВМРО вели дека Владата СДСМ, ПДП во 1994 година дале 150 илјади државјанства. На кого се дадени државјанствата? На луѓе кои што живееле во Република Македонија и работеле во Република Македонија. Доколку во тоа време граѓаните и Владата ја слушаа ВМРО, тогаш албанците требаа да влезат во гасни комори или

пак да им ги исечеме канџите. Не треба веќе да се продолжи со овие работи. Овие работи треба да ги оставиме на историјата. Затоа, немојте априори да ги обвинувате албанците дека ние предлагаме закон само за албанците. Тука  не се предлага закон врз национални основи, туку напротив се предлага закон за сите граѓани на Република Македонија кои немаат државјанство и кои не по нивна вина останале без државјанство. Зошто е виновен тој од Куманово, Тетово, Скопје, Прилеп или Битола што останал без државјанство. Затоа што живеел во една федерална држава која се нарекувала Југославија. Вие знаете тогаш дека насекаде можевме да живееме така како што сме сакале, затоа што  била една држава, тоа беше Југославија. И сега без негова вина Република Македонија се осамостои,  се отцепи БиХ, Србија и незнам кој и сега тој треба да трпи затоа што се направила оваа поделба, или распаѓање на Југославија. Немојте да продолжиме така на тој начин и да прејудицираме дека ќе се зголемел бројот на албанците во Република Македонија. Ние не предлагаме закон само за албанците. Не се вели тука дека се предлага закон за дополнување и изменување на законот само за албанците туку закон за измена и дополнување на Законот за државјанство за сите. И немојте сега априори да кажуваме некои работи за да постигнеме политички поени и еве, демек, што правиме ние во Парламентот, или преку некои разни изјави по медиумите дека ние нема да гласаме за овој закон, затоа што тој е либерален, ние ќе го чекаме другиот закон од Владата, затоа што тој не бил толку либерален. Ве молам, тоа не е во ред и неприфатливо е.

Што се однесува до пописот кој се  спомнуваше тука членот 7, односно за цензусот, за годините 5, може да го консултирате предлагачот, а тој е подготвен да го смени тоа на 8 години, на 10, дури да го смени на 12 години по примерот на Швајцарија. Некој тука спомна дека се работи за 12 години. Во овој закон тоа воопшто не загрижува, загрижува членот 26 кој се однесува на граѓаните кои после распаѓањето на Југославија живееле во Република Македонија, меѓутоа не по нивна вина останале без државјанство. Знаете ли зошто останале без државјанство? Не затоа што во одредениот рок не поднеле барање, туку затоа што некаде се изгубиле во тек на процедурата и затоа што во текот на таа процедура некој им го негирал тоа право со тоа дискреционо право, а тој постојано поднесувал барања. Тоа треба да се измени. Овие предлози кои се денес поднесени се сосема прифатливи. Јас знам дека за сите се прифатливи, затоа што со ова не се нанесува никаква штета на Македонија, тука не се оштетуваат граѓаните на Република Македонија, туку напротив со усвојувањето на овој закон ќе се зајакне Македонија, ќе се зајакнат и

граѓаните на Република Македонија. И не постои друга алтернатива за ова. Ова е вистинскиот и единствениот пат низ кој ние треба да одиме заедно. Ова е нешто во однос на што треба заеднички да делуваме и заеднички да ја постигнеме целта. Има моменти каде и како политички партии можеме да собираме политички поени, да правиме маркетинг, меѓутоа не смее тоа да се прави при вакви закони кои ја регулираат судбината на граѓаните на Република Македонија. Немојте да дозволите овој закон да не биде усвоен, не затоа што тоа  е наш предлог, не затоа што тоа е предлог на господинот Исмет Рамадани, туку затоа што едноставно тој ги исполнува сите услови и стандарди. Дури и пред неколку дена го видов и предлогот од страна на Владата. Знаете ли дека тој е многу понеповолен за граѓаните на Република Македонија. Во него се вели дека ќе добие државјанство граѓанинот Х кој што поднесува молба доколку не извршил кривично дело. Недај Боже тој може да излезе на улица, да има сообраќајна несреќа, или да прегази некого и да биде обвинет, осуден на две, три години затвор и на него неможе да му се даде државјанство. Такво нешто не постои во овој закон. Значи, направете една споредба доколку сеуште сметате дека тој е подобар, тогаш чекајте го него, немојте да гласате за овој. Меутоа, ги имате двата закона пред вас, отворете ги, анализирајте ги, ќе видите навистина кој е поповолен и кој е понеповолен. Секогаш кога говорам мислам за граѓаните, а не за нас тука парламентарното мнозинство, или за парламентарната опозиција. Ние денес сме тука, утре ќе си заминеме, а граѓаните се тие што остануваат. Ние случајно сме тука претставници на граѓаните денес, утре ќе дојдат други, ќе речат,  види што работеле тие и ќе ги имаат двата предлози на закони, ќе ги анализираат, ќе има утре и историчари кои што ќе прават разни компарации и споредби. Немојте да дозволите утре, во иднина некој да не потценува и да рече: видете каков состав на Парламент имале, видете каков закон не гласале, а гласале за тој таму. Затоа во оваа насока треба пред се ние да бидеме искрени. И доколку сме така искрени, тогаш ќе се определите за подобриот закон, закон кој што не насочува на најдобриот пат. Доколку не сме искрени, затоа што често се вели дека во политиката нема искреност и тоа се случува и реткост е искреноста за некој што се бави со политика. Меѓутоа, во оваа насока и во овој случај пред се главниот критериум треба да биде искреноста. И пред да се определиме и пред да се гласа, мислам дека треба добро да размислите дали да делуваме во интерес на народот, или пак на штета на народот. Доколку сакаме да делуваме во интерес на граѓаните, независно од тоа дека ние сме предлагачи, ние сме согласни, еве ние да не бидеме

предлагачи, ќе го тргнеме нашето име, доколку сакате и името на Владата ставете го на овој закон, доколку толку се плашите од Владата, тогаш, еве, нека стои: Влада на Република Македонија и тие нека бидат предлагачи, нека биде име на некој друг пратеник на овој предлог, кој сака нека го стави името на овој предлог. Не е значајно кое ќе биде името на овој предлог, битно е законот да биде во интерес на граѓаните на Република Македонија. Тоа е тоа што е битно. Затоа јас апелирам навистина да се усвои.

Пред да завршам сакам да кажам уште нешто. Пред некој да прочита било што може да каже, прашува што се мотивите и целите на овој закон. Јас кратко можам да кажам дека мотивите се многу чисти и јасни, а тоа е сите граѓани на Република Македонија да имаат државјанство, да не се соочуваат со банални проблеми, да стојат постојано пред шалтери и да бидат одбивани од секакви мотиви. Мотивот е исто така дека ние постојано сме биле на терен и сме разговарале со граѓаните. Не знаете колку е тешко да слушате еден граѓанин и да рече дека без негова вина со постојано живеалиште, со куќа, со имот, со сите соодветни критериуми кои треба да ги исполни, тој вели дека и покрај сето тоа не ми даваат државјанство. Јас ќе го прашам, а зошто? Тој вели, тоа заради некое дискреционо право на министерот. Навистина јас сум заплакал кога сум слушал за вакви случаи, затоа што тоа се луѓе кои што не можат да го решат проблемот, затоа што државата е таа која што треба да им го реши овој проблем на граѓаните. Затоа мислам дека имајќи предвид сето ова што го кажав, дека ќе покажете разбирање, дека ќе не разберете соодветно во однос на предлогот кој што сме го поднеле, предлог кој што навистина треба да помине затоа што доволно патеа граѓаните на Република Македонија во овој сегмент. Еднаш засекогаш да расчистиме дека ова не е политичко прашање. Дури и ние кога го предложивме овој закон, ние изјавивме дека не треба преголеми политички димензии да се даваат на овој закон, затоа што се работи за конкретен закон. Дајте да разговараме за конкретни членови и одредби од овој закон, со цел да го подобриме, меѓутоа се во функција постепено да ги тргнеме од дневен ред овие предлози кои што се однесуваат на граѓаните на Република Македонија. Значи, мојот апел уште еднаш е, анализирајте го добро законот, имате уште време да го анализирате, тие што не го анализирале и тие што не консултирале соодветни личности имаат време и ве молам гласајте, затоа што со ова само ќе добијат граѓаните на Република Македонија, а ние ќе бидеме така во служба на нивните барања и нивните интереси.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Неждет Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Почитуван претседателе, колеги пратеници, ќе бидам сосема краток. Би сакал да говорам во името на мојата партија дека  го поздравуваме овој сериозен голем позитивен ангажман на господинот пратеник Исмет Рамадани. Ние сме животно заинтересирани за  овој предлог-закон. Вие самите знаете дека голем број од ромската заедница го имаат овој сериозен проблем на државјанството. И токму поради тие причини ние ќе се задржиме на новиот Предлог-закон што е предложен и од Владата на Република Макеоднија. Но, сепак, сакам да потенцирам дека ќе ги користиме и позитивните пораки на пратеникот Исмет Рамадани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Макеоднија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници. За гласале 12 и со тоа заклучокот не е усвоен.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 60 пратеници.

Дали пратеникот Ганка Самоилова-Цветановска гласаше пред да излезе од салата. Проверете во компјутерот, ако госпоѓа Ганка гласала, тогаш гласањето е валидно. Ќе провериме. Не гласала.

Го повторуваме гласањето.

Ве повикувам да гласаме за заклучокот.

Гласањето започна и само  кворумот го оневозможи. Така што процедурата е завршена.

Гласале 52 пратеници. За гласале 6. Во салата се присутни 62 пратеници.

Во моментот во салата се присутни 65 пратеници.

Ве повикувам да гласаме за предложениот заклучок.

Гласале 66, за гласале 11 пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Преминуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и дописите на Комисијата за транспорт, екологија и врски, Комисијата за образование, наука и спорт, Законодавно-правната комисија, Комисијата за здравство и за политички систем и односите меѓу заедниците и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Ве молам од предлагачите еден да определите кој ќе биде претставник. Ќе дојде фаза за гласање по амандмани, мора некој да е претставник. Госпоѓа Славица Станковска е претставник.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Еве еден закон, во работата на Парламентот неколку пати беше напоменувано дека пратениците од позицијата главно поддржуваат закони што се предложени од Владата. Сега имаме прилика да се изјасниме за еден закон кој не го поднесува Владата, а тоа се група пратеници. Сакам да искажам жалење, а и благодарност до партијата ВМРО-ДПМНЕ за онаа поддршка што сакаше да ни ја искаже. Но, сметам дека со своето излагање по овој закон може да се стави на страна, или против овој закон.

Почитувани колеги, согласно членот 43 од Уставот на Република Македонија секој човек има право на здрава животна средина. Исто така, секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата и дека Република Македонија обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Во рамките на овие определби, а заради преземање на посеопфатни мерки за заштита на здравјето на луѓето и за заштита и унапредување на животната и работната средина потребно е да се извршат одделни измени и дополнувања на Законот за заштита од пушењето.

Имено, во Законот за заштита од пушењето потребно е да се допрецизираат одредбите што се однесуваат на забраната за пушење во одделни јавни простории со нивно дополнување во смисла на тоа дека забраната за пушење се однесува на

интернет кафиња, на заеднички простории и делови во станбени згради, како и во други простории. Исто така,искуството од изминатите години ја наметнува потребата од соодветни изменувања и дополнувања на одредбите што се однесуваат на рекламирање на цигари, продажба на цигари, во промет на мало, ознаките на пакувањата на цигарите, а се со цел за што поцелосна заштита од пушењето заради обезбедување на здрава и работна средина.

Покрај горе-наведените причини неопходно е да и казнените одредби на овој закон се усогласат со Кривичниот закон донесен во 1997 година, а во Законот што беше донесен во првичната верзија во 1995 година поинаку беа дефинирани тие одредби.

Почитувани,

Свесна сум дека за реализација на некој проект неопходна е соодветна законска рамка, но освен таа законска рамка неопходно е да секој законски проект заживее од сите субјекти, првенствено од оние кои го донесуваат, а да биде доследен и до крај почитуван. Ако сите знаеме дека личниот пример е најсилен аргумент во однесување на поединецот, тогаш не е доволно само да го дадеме својот глас во функција на поддржување на овој закон, туку е неопходно со личниот однос во иднина да покажеме дека истиот и го почитуваме.

Сведоци сме на огромен број на млади луѓе кои на некој начин, да ја наречам оваа зависност, таа се дефинира како зависност, но никогаш не сум пушела и не можам да кажам ниту пак да ги осудам оние кои имаат таква навика, според мене тоа не е добра навика, но многу млади луѓе уште од основното училиште се регрутираат во група на оние млади популации зависни од цигарите. Можеме да кажеме дека таа бројка е огромна. Сведок сум, од моето 27 годишно искуство како професор па дури можеме да кажеме дека има епидемиолошки размери, заради тоа што огромниот број на млади луѓе кои ги гледам или постојано сум ги следела на училиште, упатува на такво нешто.

Сознанијата говорат дека пушењето е поврзано со 25 причини за смртност. Сигурно на сите ви е познато дека една од најзначајните и најважните е ракот на белите дробови, срцевите заболувања и респираторните заболувања. Исто така, раѓање на бебиња од мајки пушачи е со намалена телесна тежина и намален или послаб имунолошки систем.

Во борба против пушењето неопходни се повеќе активности во функција на информирање, промовирање, создавање инфраструктура низ која ќе се реализираат

разни активности, а исто така и превенција. Посебно е неопходно да се прават програми што ќе бидат насочени кон одделни целни групи, но исто така неопходно е да се анимира невладиниот сектор, а уште повеќе и медиумите кои можат да одиграат значајна улога.

Почитувани мои колеги,

Доколку дадете подршка на овој закон, ние, како предлагачи на овој закон ќе се залагаме низ разни форми на парламентарно делување да органите за надзор вршат постојан притисок врз институциите за почитување на истиот.

Благодатам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Стојановски Нелко.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги,

Се придружувам кон предлогот и кон предлагачите за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за заштита  од пушење. Пушењето или никотинизмот, во споредба со другите зависности, како што се алкохолизам, наркомаија, претставува најрашитена зависност помеѓу населението и има свои посебности како во поглед на рашитеноста, така ив о поглед на последиците врз здравјето, тешкотиите за лечење, вкупните последици врз општеството, како и во поглед на општествената реакција на секоја од овие зависности.

Покрај наведените причини во Предлогот за донесување на законот заради кои треба да се донесе закон, би сакал овде да истакнам уште некои кои , можеби ќе ви се сторат вам добро познати, но добро е да се потсетиме, а од друга страна и да укажеме на неопходноста од донесување на овој закон. Можеби некому ќе изгледа здодевно да ги истакнуваме тие факти што ми се чинат нотoрни, бидјеки околу нас би рекле сите пушат и возрасни и деца и млади и стари и учители и родители и лекари и сиромашни и богати кои тоа задоволство би можеле да си го заменат со многу други задоволства, и мажи и жени.

Зошто луѓето пушат? Поввеќето тоа го прават бидејки не можат да се откажат, но пак оние на кои што треба да им посветиме посебно внимание , младите, тоа го прават од други побуди. Имено, тие започнуваат со пуење во најголем број

случаеви, да би се почувствувале независни од родителите и учителите или наставницит еи да не заостанат од пријателите. Имено, најчесто тоа го прават под силен притисок на своите колеги, на своите пријатели да запалат цигара, им се кажува дека на тој начин ќе се опуштат, незнаејки дека штом помине дејството на запалената цигара во нивнито организам почнува да се појаввуа никотинска глад. Но, според мене младите започнуваат со пушење од две основни причини:

Прво, незнаејки доволно за штетните последици од пушењето и

Второ, бидејки и децата и младите, основните обрасци на општествено однесување ги учат од возрасните во својата средина, се идентификуваат со оние кои пушат односно се учат од најблиските возрасни, од оние кои ги воспитуваат, почитуваат и ценат.

Значи, можат да се издвојат две основни главни причини за пушењето кај младите: неинформираноста за штетноста и имитирање на нивните родители и воспитувачи и наставници кои пушат.

Според бројни светски студии за причините, како доминантни се спомнуваат уште рекламирањето на тутунот, бројот на пријатели и врсници кои пушат, чувството кај младите да се почувствуваат возрасни и независни, а подоцна луѓето пушат бидејки тоа некому чини задоволство и на тој начин некому се олеснуваат психичките потешкотии.

Веднаш да подвлечам дке апушењето не е зависност што не може да се искорени, па дури ако сакате и со мојот пример од пред 12 - 13 години, туку на неја позитивно влијае проблематичниот општествен став односно отсуството на вистинска решеност таа појава да се сузбие. Слабите резултати во борбата против пушењето се потпираат главно на два оснвони столбови, едниот е бројто на зависници што е распределен во сите социјални слоеви и се бори за заштита на пушачките слободи и права, а露 вторито е, вам исто така познат, економскито фактор односно профитот што го остварува државата, трговците и производителите на тутун. Покрај тоа влијаат и други фактори како на пример фактот што никотинизмот не доведува до нарушување драстично на свеста и не доведува до ексцесицно однесување на пушачите како што е случај со консуматорите на алкохол или droги, а нарушувањето на здравјето не настапвуа веднаш, туку настапува постепено и во еден релативно долг временски период.

Заради тоа, многумина ја минимизираат опасност а од пушењето, а пушачите се тешат со тоа што, еве, на пример, јас со години пушам па ништо не ми е, а

личноста X не пуши, а имаше проблеми со здравјето, или се разболе предвреме. Но, сепак да истакнеме дека според науката секоја цигара содржи 15 канцерогени елементи. Човек кој пуши една кутија цигари дневно за една година во неговит ебели дробови се натрупува еден литар катран. Пушачите стануваат психофизички зависници на тутунот. Има голем број на куќни пожари со фатални последици предизвикани од цигари. Но, да спомнам и тоа дека тинејџерите што пушат, според научните сознанија, се со потпросечен успех во училиште, а и еден друг факт дека меѓу оние кои се откажале од пушењето најголем број се луѓа со високо образование. И тие треба да се откажат, но велам дека тие со високо образование се откажуваат многу полесно од пушењето.

Меѓутоа, тоа што сакам да го истакнам, што е посебно причина да се донесе овој закон е фактот што во последните години се поголемо внимание се посветува на таканареченото пасивно пушење. Докажано е дека чадот од цигарите што го вдишуваат непушачите се израмнува скоро со пушачите. Да спомнам дека пушачите со вдишување и издишување на чад на оние покрај нив непрекинато им го загадуваат воздухот. Дури, според некои анализи штетните состојкикај пасивните пушачи се побројни отколку кај пушачите. Така, според едно истражување направено во Токие, жените непушачи омажењни за страсни пушачи се изложени 4 пати на повисок ризик од рак на белите дробови со летален исход отколку сопругите на непушачите. Децата на родитеите пушачи дома двапати повеќе страдаат од воспаление на дишните патишта отколку децата на родители непушачи. Непушачите се изложени на многу поголема опасност бидејки нивниот организам е адаптиран на отровните материи што ги содржат цигарите.

Затоа, уште еднаш д аподвлечам дкеа е многу значајно тие што пушат да не им пречат на другите да дишат чист воздух и да си изнајдат најпогодно место за пушење.

Имајки ги сите овие факти предвид што ги изнесов, сметам дека овој закон треба да овозможи здрава животна и работна средина како неприкосновено право на секој граѓанин, а правото за пушење, според мене е право од понизок ранг. Со други зборови, кажано човек смее да пуши само онаму каде не го загрозува правото на другите луѓе односно на другито човек односно да пуши на отворен простор. На тој начин се постигнува двоен ефект, се оди кон сузбивање на пушењето како општествено негативна појава и се заштитува правото што има тенденција да ги заштити младинците односно малолетниците.

Од овие причини, уште еднаш подвлекувам се придружувам кон предлагачите и ќе го подржам законот за борба против пушењето.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господин Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници,

Пред нас е закон што е предложен од група пратеници, што е за поздравување, за што и Владата даде позитивно мислење, но од друга страна мала критика кон предлагачите, бидјеки не дозволија овој закон да оди преку комисиите што мислам позитивниот ефект би бил многу поголем.

На почеток сакам да нагласам дека законот за заштита од пушење донесен во 1995 година по содржина е краток и составен од само 12 членови. Но, доста е јасен и прецизен. За жал, слабо применлив се заради субјективни причини.

Не ми е познато дали постои друг закон што секојдневно не се применува, а за тоа никој не сноси одговорност. Се заентересирав дали во Општинскиот суд од каде што доаѓам има некој казнет заради пушење цигари во со закон забранети простории , и ми беше одговорено дека до сега нема поднесено ниту една прекршочна пријава, ниту од инспекциски орган, ниту од поединец против правно или физичко лице.

Иако со Уставот, како што е нагласено во причините за донесување на законот, да секој човек има право на здрава животна средина и е должен да ја унапредува и штити, за жал секогаш не е така. Не треба многу да си паметен за да можеш да одговориш на прашањето зошто законот доследно не се спроведува. Затоа ќе поставам прашање на кое што секој сам ќе одговори - дали во Собранието на Република Македонија доследно се спроведува Законто за заштит аод пушењето?

Сметам дека проблемот со пушењето треба примерно да биде лоцирано во превентивната кампања од поширокатa општествена заедница на која би се потенцирало штетното дејство, штетните состојки на тутунот пред се врз кардиовакуларниот систем и заболувањата на белите дробови. Оваа проблематика некако сме ја ставиле на втор план и примарно дискутираме за дрогата и алкохолот,

па сметам дека ова запоставување не е наместо и треба и кон нив да се придружи и никотинизмот.

Накратко би повторил некои показатели во однос на ракот на белит едробови што ги дискутиравме кога на дневен ред беше точката Законот за измена и дополнување на Законот за трговија. Тогаш реков и сека ќе нагалсам дека загрозувањето на здравјето од пушење зависи од повеќе фактори:

Како прво, почеток на пушењето,

Второ број на испушени цигари,

Трето, должина на пушењето.

Односот на заболвуањата кај мажите е 5:1 во корист на мажите, но оваа разлика се намалува бидејки регрутирање на нови пушачи повеќе доаѓа од женската популација. Во 90% на случаите од рак на бели дробови има позитивна анамнеза во однос на пушењето. Порано , болеста се појавуваше некаде над 70 години, сега се почесто се појавува и под 60 годишна возраст. Скоро со сигурност може да се каже дека од димот на цигарата издвоената материја бензипирен е канцерогенот и една од причинителите за појава на рак на белите дробови.

Затоа, сите воие измени во Законот  за мене се прифатливи, но не сум оптимист во однос на почитување и примената на законот. Затоа, нашата пратеничка група ќе го подржи овој предлог но сепак акцентот го става на превенцијата и укажувањето на штетното дејство на тутунот, а помалку сме оптимисти во стрикното почитување и примена на законот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Кога се расправа за ова прашање или овој закон ќе тргнам од еден принцип што сакам да го почитувам и другите да го почитуваат, а тоа е дек аникој нема право да ја загрозува животната средина на друг, а со тоа и да врши атак и загрозување на здравјето на друг, се разбира ако другиот не се согласи или доброволно го прифати

тоа. Меѓутоа, во едно организирано општество чинам дека заштитата на здравјето на другиот, во случајов здравјето на непушачите од страна на загрозеноста на пушачите на цигари, не смее да се остави на диспозиција и на добра волја на поединецот, па овој да е воздржува од пушење на цигари во простории каде има непушачи или пак непушачите да не влегуваат во такви простории, бидејки се плашат дека ќе им биде загрозено здравјето. Туку напротив чинам дека организираното општество односно државата преку своите институции треба и на ваков начин , преку нормирање на однесувањето на поединците,конкретно во областа на употреба на цигари во затворен простор треба да го земе во свои раце и да донесе соодветен закон што треба сите да го почитуваат. За непочитување на ваквито закон треба да бидат поажурни институциите задолжени за контрола на спроведување -имплементација на овој закон и да бидат по ригорозни во казнените мерки односно санкции за непочитувачите на законот.

Од тие причини , повторно да кажам, почитувајки го принципот дека никој нема право да загрозува никому, ниту здравје ниту живот , се придружувам кон предлагачите на овој закон и ако постои деловничка можност на самата седница да бидам копредлагач, меѓутоа ако не постои таква можност, тогаш давам јавна поддршка на Предлогот на законот. Мислам дека и намерата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше да им се даде шанса по темелно да го разработат законот, а не беше, тоа што беше побарано да се повлече од оваа седница, а да се стави на наредната седница.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници,

Денеска пред нас е Предлог законот за измена и дополнување на Законот за пушење. Како што се нагласи порано врз основа на член 43 од Уставот на Република Македонија на прецизен начин е констатацијата дека секој граѓанин има право на здрав амбиент за живеење и секој граѓанин е обврзан да придонесе за подобрување, како и заштита на животната средина и природната средина.

Токму поради ова, овие предлог измени се за прецизирање и подигање на свеста дека конзумирањето на цигарите е лошо и дека не е бон тон на 21-от век. Ова најдобро можеме да го забележиме во САД, каде тие што конзумираат цигари се чувствуваат како игнорирани од самите граѓани.

Почитувани колеги, колку и да донесуваме санкционирачки закон, доколку не водиме кампања против оваа болест, која што за жал секој ден ја проголтува и во раната возраст, како што се предшколски и школски деца.

Почитувани колеги, кампањата треба да ја направат средствата за информирање, како и на дизајнот. Токму поради ова дополнување на членот 6 е шанса, која што е новина во оваа насока.

Невладините друштва кои што се занимаваат со оваа област и понатаму да се стимулираат и да се поддржи нивната дејност. Активностите на здравствените организации кои што се занимаваат со примарното здравство да бидат поактивни во одржувањето на контакти и семинари од разни природи со граѓаните, како и со нивните пациенти. Тука алудирам повеќе кај лекарите кои треба да го оправдаат функционирањето на оваа институција.

Почитувани колеги, ова беа моите визии за олеснување на овој Предлог закон во практичниот живот, затоа што се додека во европските држави ова се отстранува, кај нас се повеќе и повеќе се продлабочува.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Наташа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мојата матична комисија, Комисијата за здравство не расправаше по овој Предлог закон и затоа би сакала да изнесам сосема накратко некои факти во знак на поддршка на законот кои се надевам ќе имаат одредено влијание и врз јавното мислење во врска со оваа проблематика.

И покрај тоа што уставната обврска на Република Македонија согласно член 43 од Уставот е да обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина обврска на законодавната и извршната власт е постојано, односно перманентно унапредување на здравствените превентивни мерки, затоа што во сите сектори на општественото живеење, а особено во здравството најцелисходно е инвестирање во унапредување и следење на светските параметри и достигнувања во превентивата. Практично на овој начин, односно преку Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, преку една од посилните методи се манифестира и остварува

грижата за темелна заштита на здравјето на луѓето, а сето тоа претставува еден значаен, би рекла огромен дел од светската кампања против пасивното и активното пушење. Тука би нагласила дека во европските земји 30-40% од населението се активни пушачи. Наспроти овој процент е огромниот преостанат процент на непушачи кои секојдневно се изложени на тутунскиот чад. Исто така се бележи голем подем на болестите на респираторните органи, потенциран, особено кај непушачите. Иако во позитивната законска регулатива уште во текот на 1995 година е инкорпориран законот за заштита од пушење, практично истиот не заживеа. Можеби и поради нашата свест, но секако поради одредени празнини и непрецизности. Сметам дека овој Предлог закон нуди можности за регулирање, односно допрецизирање на постојните законски одредби. Предложените измени на казнените одредби се мошне ригорозни и даваат можност за изрекување на мандатни казни, од што се очекува зголемена ефикасност за спроведување на Законот. Очекувам самите императивни одредби од законот со кој се забранува пушењето и во интернет кафињата, како една од главните собиралишта на младите, место каде што поминуваат најголем дел од своето слободно време, да придонесе за развивање на свеста кај младите за штетноста од оваа лоша навика.

Што се однесува до пораките кои се предлагаат во членот 6 од Законот, истите ги поддржувам и сакам посебно да напоменам дека сите тие се сублимирани во една порака, а тоа е “пушењето убива”. Сите ние треба да бидеме свесни дека ниедна пишана порака, ниеден кажан збор не е доволен ако некој не го чита или ако некој не го слуша. Затоа, покрај законската регулатива треба да постои и една форсирања кампања против ова зло на денешницата и да пристапиме кон една енергична акција за намалување на пушењето со подигање на свеста и здравствената култура на граѓаните.

Ве уверувам почитувани колеги, а сигурно и вие тоа го знаете дека не постои ниту една корисна компонента по здравјето на луѓето во пушењето и затоа треба да придонесеме за искоренување на оваа лоша навика кај младата популација, а со тоа придонесуваме да бидеме здрава нација.

Ќе завршам со еден интересен податок. Додека ние дебатираме по овој Предлог закон 80 луѓе умираат од болестите предизвикани од пушењето.

Ја давам мојата целосна поддршка на овој Предлог закон и заедно со неговите предложени амандмани, сметам дека може да го добие епитетот на

квалитетен закон, усогласен со законодавствот на Европската унија и после разумно дадениот рок, очекувам да ги согледаме неговите позитивни ефекти.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Господин претседателе, господо пратеници,

Денеска на дневен ред е Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, што лично сметам дека е многу добар и квалитете закон и лично би сакал дека ќе го поддржам овој закон, како што претходно колегата Чедомир Краљевски кажа дека би било добро теоретски, тој кажа дека тоа не е возможно, не се дискутираше на Комисијата за образование заради други причини, но мислам дека во врска со закнот треба да се кажат неколку работи. Не би сакал да се повторувам за целисходноста на овој закон но претходниот дискутант колегата од ЛДП рече дека колку да донесеме добри закони, ако законите не се применуваат, регулативата не се стави во правни рамки кои ќе се применуваат, во тој случај, колку да имаме добар закон ќе излезат јалови нашите настојувања да ги ставиме во законски рамки овие работи.

Јас ќе дадам само еден пример на еден сличен закон кој директно нема влијание, но веројатно, во изминатиот период од непримената на овој закон имало многу лоши реперкусии. Примената на мерни единици по интернационален стандард, уште од 1981 година имаме таков закон за да се применуваат тие мерни единици. Но до ден денеска не сум чул ниту видел дека некој е казнет заради тоа што не ги применува тие мерни единици, иако непримената на тие соодветни мерни единици доведува до реперкусии многу лоши во самата примена во индустријата, во економијата и низа такви закони. За да не ја доживее судбината овој закон, веројатно, овој закон вака квалитетен треба со една динамика да подлегнува постојано на дополнувања, со стрикна примена на законот и во казнените одредби и во надзорот и веројатно тука овој закон го разгледавме, и кој на каков начин тоа ќе го регулира и ќе го контролира. Она што сакам да кажам дека секој си има право во рамки на свои законски обврски да применува или да не применува еден закон и да се заштити човековата средина, која е главен приоритет на сите нас, а особено на

пратениците во Парламентот. Но би потенцирал дека ваквите закони треба да кореспондираат и со други закони, кои ги тангираат луѓето кои врз основа на начинот на живеење имаме да кажам нездрави, несоодветни услови на живеење во Република Македонија и пошироко. Би се осврнал на просториите каде што имаме несоодветни материјали кои се користат во градежништвото, несоодветни материјали кои се користат при дезинфекција на просториите исто така, тие материи треба да бидат тема на заштита на човековата средина.

Имено, сакам да кажам дека колку да имаме вакви закони кој го тангираат овој дел, ако немаме комплементарно надополнување на законот со другите делови на живеење мислам дека само во овој сегмент ќе донесеме добар закон, а во другиот сегмент нема да донесеме. Еден пример е таков, користењето на азбесни материјали. Ако азбесните материјали уште до денеска немаме стандарди за користење за такви материјали, во комбинација со пасивното пушење, со чадот, создаваат соодветни хемиски материи, кои се многу штетни по здравјето на човекот.

Врз основа на тоа во членот 4-а вели вака: “се забранува производство и продажба на цигари и преработка на тутун кои на опаковката на видно место немаат истакнато за тоа колку милиграми катран и никотин содржат”. Би сакал да кажам дека главни отрови и главни агенси кои придонесуваат луѓето да се разболуваат од одредена болест не се само никотинот и катранот. Особено пасивното пушење. Само да ви кажам дека во чадот на цигарата постојат над 158 отрови, многу јаки отрови и многу јаки и многу полоши и од никотинот и од катранот. Можеби тука треба да се потенцира дека не е само да има толку милиграми катран и никотин, туку би требало да има кои се тие милиграми катран или никотин, туку би требало да има кои се тие компоненти и хемиски супстанци кои ги има во чадот и што предизвикуваат на некој посреден или непосреден. Овдека во законот се вели дека тоа е од пушењето, мислам дека треба да се потенцира се работи за пушење на цигари или тутунски производи, но би требало да има и ставка или клаузула каде што ќе се забранува да се користат производи кои потекнуваат од други билки кои исто така се плодови и продукти во уживање на пушењето. И средствата на пример кои би се користеле при пушењето, како што е на пример лулето и така натаму, тука не се наведени затоа што законот на тој начин ќе ги заштитува едните, а ќе им оневозможи на другите луѓе кои користат соодветни средства да не можат да ги казнуваат на тој начин.

Мислам дека на крајот овој закон треба да се поддржи и јас ќе го поддржам овој закон, добро е да има динамика и строга примена на овој закон, затоа што повторно ќе потенцирам, не само тој што пуши си ја зема судбината во свои раце, но никој, апсолутно никој нема право да ја загадува и така загадената средина во човечкото живеење и на некој начин ако немаме совест, совеста да се поттикнува со казнени одредби, со казнени мерки, за да имаме поздрава животна средина.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Михајловски Јордан.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Дека има интерес од донесување на овој закон покажа дискусијата на колегите пратеници кои дури и го надградија она што како решение се нуди во законот. Се зборуваше и елаборираше и пошироко за феноменот на пушењето и за штетноста на овој феномен. Секако, нашата реалност покажува дека не само од потребата да се надоградат стандардите во Европа, конкретно во оваа сфера, туку реалноста покажува дека треба да се надградат и стандардите за заштита, кои треба да се зголемат.

Секако, дека се работи за еден хуман закон кој создава свест и потреба за квалитетна заштита од пушењето. Сите членови кои се дадени во законот покажуваат дека тие стандарди на заштита се зголемени, како личните, така и глобалните.

Меѓутоа, она што сакам да кажам дека доколку се расправаше во комисиите најверојатно ќе се понудеа и други решенија. Некои членови од самиот закон ќе беа дополнети. На што мислам? Мислам конкретно на членот број 3 во законот за заштита од пушењето.

Имено, покрај она што се забранува рекламирање на цигари и заштитни знаци на цигарите, мене ми се чини дека вметнуваме во овој член 3 едно несоодветно законско решение со кое се исклучува спонзорството и донаторството од продажбата на цигари. Мислам дека ова законоско решение во овој момент е несоодветно. Секако дека законите понатаму ќе ги доградуваме, меѓутоа, конкретно на што мислам. Мислам на тоа дека нашата реалност општествена и економска не

ни овозможува да се откажеме од донаторството, па макар се работело и од порокот, како што е пушењето, бидејќи и од ваков порок може да се изгради и надгради едно благородно вождејство, да се ангажираат соодветни средства во спортот и во културата.

Меѓутоа, за жал, ние сеуште немаме дефинирано законо за спонзорство и донаторство. Тој хендикепт го гледаме и во културата, така да мислам дека со донесување на законот за донаторство и спонзорство ќе можат да се исправат и некои нелогичности, кои јас ги гледам во овој закон. Имено, да се дефинира форма на спонзорство која нема да го стимулира пушењето и да ја поттикнува продажбата на цигарите, а средствата добиени на ваков начин да се вложуваат во спортот и во културата. Овој закон ќе го поддржам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Само сакам на колегата да му кажам дека сите членови од овој закон и членот 3 кој го потенцираше тој се усогласени со законот за заштита на храната и со Светската конвенција за контрола на тутунот, така да форми преку кои може тоа да се прави се предвидени со овој закон. Тоа не значи дека во иднина не може да се дополнува и овој закон, а сигурно и да се прифатат сугестии.

Она што повеќе мои колеги го потенцираа, а за неможност да се расправа за овој закон по комисии од објективни причини, јас и колегата како предлагач не бевме присутни во Македонија, а одлука на Владата била да се даде поддршка со консултации со Министерството за здравство, заради овие укажувања што ние ги преточивме подоцна во амандмани.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Општ светски тренд е дека се води една голема кампања во борба против пушењето. Сигурно дека и ова што го предлагаат нашите колеги со задоцнување или не со задоцнување, затоа што ние донесовме еден закон уште во 1995 година, како се почитуваше и како се спроведуваше законот, резултатите се општо познати, затоа што сме ние како држава виртуелна и чудна држава. Општо гледано преку анкети, коментари на граѓани, не веруваат дека и овој законски проект кога ќе се донесе, нема да се почитува, дека ќе се применува селективно и ред други работи. Не сакам да се повторувам со тука искажаните зборови на повеќе пратеници. Сигурно дека во оваа кампања треба да се вклучи и нашата држава, кога се води една општа кампања во светот околу шверцот илегалната трговија со цигари, ставање на бандероли. Ние накако тука сме вклопени, некако не важат некои закони, некогаш се пропуштаат многу многу конвои со цигари, да се спечалат пари, да се направи капитал, но она што загрижува тоа е многу наши колеги, почнувајќи од пратениците кој го носиме законот кои треба да бидеме пример во државата, да се направат напори, вие како претседател да направите како што е секаде во светот еве во Обединетите нации, во Советот на Европа, па секаде во светот пратениците да не смеат да пушат и никој да не смее да пуши во Парламентот. Не да се одредат места, туку надвор на отворено. Кога надавор ќе пушат пратениците, тогаш граѓаните ќе веруваат, да донесен е закон, а не тука одат пратеници со цигари, па даваат интервју со цигари, па гледаме некои министри по 10 иљади цигари на кампања поминале. Треба да се почитува прво законот во Парламентот.

Треба да се почитува прво законот во Парламентот, значи по втор пат да се одредат места не во клозетот ни во клозетот не заслужуваат, туку надвор, надвор од Собранието. Тогаш на нас ќе ни веруваат граѓаните.

Го поддржувам овој законски проект и верувам дека ќе успее. Само вака ќе ни веруваат граѓаните, кога за пример ќе бидат пратениците. Не да се казнуваат, туку надвор да пушат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас ја разбрав пораката на г-дин Даневски, таа е многу јака порака. И тука се јавија некои сомнежи од други пратеници, но најнапред драго ми е што видов

консензус околу овој закон односно измените и дополнувањата на Законот за пушење, од сите пратеници од сите пратенички групи.

Овој закон е донесен 1995 година на предлог од тогашниот пратеник, а сегашен претседател на Собранието, Никола Поповски, и веве сега после толку години повторно на иницијатива на пратеници од СДСМ се реактивира идејата за овој закон.

По се она што го кажаа колегите пратеници и поддршката која ја дадоа, јас ќе тргнам со ред - сомнежот кој се искажа овде во смисла дали овој закон ќе профункционира, можеби и кај мене лично постои таков сомнеж бидејќи ако тој е донесен 1995 година, а до денеска воопшто не профункционирал, незнам како би одело понатаму, меѓутоа, она што го кажа г-динот Даневски, додека ние расправаме за овој закон има дел од колеги кои сигурно се на пауза за цигара некаде во ходникот, или во просториите наадвор од салата.

Она што го рече колегата кралевски, дека уставна категорија е здрава, животна средина средина на луѓето, тоа е така и ние со законот за заштита од пушењето немаме намера на некого да му забраниме да пуши, немаме амбиции на некого да му се забрани да пуши, но овде се работи за еден друг правец, како што вели и самиот закон заштита од пушењето. Да ги заштитиме оние кои не се пушачи од пушачите. Тоа е намерата на овој закон, бидејќи кога тргнавме со измените имавме намера да направиме интервенции во самиот наслов на Законот, меѓутоа, дојдовме до сознание дека тој е во исправна форма и содржина.

Од г-динот Ќахил се постави една дилема околу членот 4-а кој се додава со измените и дополнувањата. На консултациите што ги имавме вчера со претставниците на Министерството за здравство ни укажаа дека тој член и членот 7 од предлогот за изменување и дополнување на Законот се содржани во Законот за безбедност на храната. Затоа амандмански реагиравме тие два члена да се избришат.

Појдовна основа за измените и дополнувањата на овој закон беше, како што напомена еден од предлагачите на почетокот, усогласување на казнените одредби од постојниот закон со прекршочниот закон кој е донесен 1997 година, каде децидно се кажува дека казната има свој максимум и минимум. Се наметна потреба за интервенција во текстот на законот, за негово модернизирање, и во убедување на некои пригорозни мерки околу продажбата, рекламирањето и производството на цигари.

На почтокот се тргна од тоа да се види во самиот закон каде се е регулирана забраната за пушење или во кои јавни простории. Сите оние јавни простории кои не беа опфатени со постојниот закон ние се трудевме, и мислам дека успеавме да ги вметнеме во измените и дополнувањата.

Потоа, знакот кој претставува забрана за пушење, што е регулирано и во постојниот закон, додадовме тој да се истакне на видно место во просториите кои се забранети за пушење, за да сето тоа не се злоупотребува. Нормално тоа ќе го контролира инспекцискиот надзор за да не се злоупотребува од луѓето.

Понатаму, границата за продажба на цигари од сегашните 16 ја зголемивме на 16, само две години плус и воведовме една новина продажбата на цигари да се врши на 50 метри оддалеченост од школските, предшколските и образовните установи и од спортско рекреативните центри.

На крајот од измените покрај казнените одредби оставен е еден реален временски простор од 7 месеци за претпријатијата да се усогласат со измените што се предлагаат со Законот за  заштита од пушењето. Сметавме дека тоа е доволен временски период за да тие се преструктуираат во тој правец.

Битно е на крајот да се каже дека и во Европската унија ова прашање е регулирано од 1999 година, во Европскиот парламент и Советот на Европа, и обврзани се сите членки да донесат нациоални закони со кои ригорозно ќе се забрани продажбата и производството на цигари кои содржат над дозволениот процент катран и никотин.

Со овие измени јас верувам дека не се враќаме чекор наназад, туку одиме чекор напред. Тоа е позитивно.

На крајот и јас апелирам сепак да тргнеме од нас, од највисокиот законодавен дом. Ако сето тоа овде се почитува јас верувам дека и граѓаните ќе ги почитуваат законите, а инспекциските служби и контролата ќе си ја вршат тие кои се овластени со закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Вие добро знаете уште од 1995 година, јас сум од неколкуте пратеници, овде што тогаш учествуваа во расправата при донесувањето на Законот кој денеска има предлог за измени и дополнувања. Тогаш, сега претседателот Поповски, беше предлагач и бев еден од ретките пратеници кој гласаше против не заради некои

лични желби како стравстсвен пушач корисник на тутунот, но, малку и подлабоко да гледаме. Ние гледаме една страна на проблемот, премногу ригорозно отидовме и ако волку дискусии имаме по точката 6, која е закон за спречување на закон за перење на пари и вака ако имаме консензус и вака ако настапуваме и го поддржуваме оваа држава ќе оди напред, како по овој закон што постигнавме многу голем консензус.

Ќе ви кажам каде ја гледам негативната страна. Негативната страна ја гледам во членот 4 кој се менува и гласи и се однесува на рекламирањето на цигарите и заштитните знаци на цигари и спонзорирањата, за кој што колегата пратеник малку зборуваше.

Колку во светот повеќе се зборува за забрана на рекламирање на цигарите и спонзорствата од тутунските претпријатија, толку поголеми се спонзорирањата од големите тутунски компании во светот, во спортски натпревари, разни манифестации и колку е поголема борбата против шверцот на цигарите уште повеќе се зголемува бројот на пушачите во светот.

Со членот 4 сметам дека предлагачите ќе нанесат директна штета на македонските цигари, мислам марки цигари од причина што странските марки на цигари, странските компании се доволно моќни да изнајдат начин како да ги рекламираат своите производи. Поставувам прашање до предлагачите дали од идната година, бидејќи сега се завршени трките во формула, значи со донесувањето на овој закон ќе се забранат трките на формула 1, за пренос на македонската телевизија, бидејќи тука на непосреден, директен начин, се рекламираат големите странски компании.

Треба да бидеме свесни дека македонските производители на цигари не се моќни да изнајдат посреден начин за свое рекламирање и со ова сметам дека директно ќе се нанесе штета на македонската тутунска индустрија.

Од овие причини, како што бев 1995 година и сега ќе бидам против донесување на овој закон на ваков начин како што се предлага, при тоа носејќи го цел ризик дека некој ќе ме обвини дека не сум за здрава животна средина. Верувам дека многу од оние кои го поддржуваат овој закон утревечер ќе ги сретнеме со свои колеги на заедничка маса ако тие не пушат цигари нивните колеги ке пушат. Затоа сметам дека овој закон не треба да се излгаса, посебно членот 3 од предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ќа Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Бидејќи бевме повикани да дадеме одговор јас уште еднаш ќе повторам дека членот 4 се брише од овој закон бидејќи вакви одредби се содржани во Законот за безбедност на храната и на производите и на материјалите кои доаѓаат во контакт со храната.

Јас незнам како е регулирано таму каде што формула 1, како возило се натпреварува но овде ќе се потрудиме и верувам дека ќе успееме ако не друго постојано со пратенички прашања, писмено ќе правиме притисок она што можеме како пратеници и предлагачи да го направиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ;

Јас зборував за членот 4 од постојниотзакон, авас ви е предложен како член 3,кој се однесува на членот 4 од стариот закон. За овј член нема амандман дека се брише. Дури и се дополнува со амандман,уште построги критериуми

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА;

Тоа веќе е усогласено со светската Конвенција,а ние како Парламент имаме обврска таа рамковна конвенција за контрола на тутунот да ја ратификуваме до крајот на годината

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Почитувани колеги 15 минути пред утврденото време .денеска ќе завршиме, затоа што  имаме процедура на гласање со голем број амандмани.

Ќе продолжиме со работа во понеделнк во 10,00 часот.

Утре Собранието не работи и ги молам пратениците да не доаѓаат на работа, затоа што ќе се врши промена на електричната инсталација и нема да има струја.

Седницата прекина со работа во 16,45 часот.